

# КОСОВО
## – ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА

ДАНСКА ЦРКОВНА ПОМОШ

КОСОВО – ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА
ДАНСКА ЦРКОВНА ПОМОШ

## Воведен збор за предавачите

Книгата „Косово - дилемите на една катастрофа" зборува за косовскиот конфликт и за катастрофата, која засегна голем број хуманитарни организации. Конфликтот, за жал, нема да биде решен сам по себе, но тој со време ќе исчезне од насловните страници. Сепак Косово како пример за еден конфликт и катастрофа, и за улогата што ја имаат хуманитарните организации, ќе остане актуелно уште долго време.

Книгата се состои од два дела.

*Првиот дел* ја опишува историјата, зачетоците на косовската катастрофа. Се врши едно кратко претставување на вмешаните страни и држави. Се прави обид да се откријат некои од значајните делови на бурната балканска историја. Учениците можат да стекнат сознание за тоа како историјата се толкува на различни начини, во зависност од тоа кој ја кажува. За да биде книгата сфатлива и читлива за учениците , дадена е една задача, која покажува различни погледи и прикажување на еден ист настан. Се работи за таканареченото Стокхолмското крвопролевање, а целта е учениците да бидат поделени и да читаат историски фрагменти гледани од различна перспектива. Задачата се наоѓа во задниот дел од книгата наменет за наставниците (*четврт дел*), кој содржи и предлог за решавање на конфликтите (*трет дел*). Тука е опишан еден модел за развивање или решавање на конфликтите. Учениците можат да работат на овој модел одделно или заедно, но исто така можат да работат со него во врска со косовскиот и со други поголеми конфликти.

*Вториот дел* ги содржи Десетте заповеди на Данската црковна помош, кои претставуваат правила на однесување на меѓународните хуманитарни организации при организирањето и распределувањето на хуманитарна помош, и дилемите кои во врска со овие„заповеди" можат да се појават во практиката. Некои од овие дилеми им се кажуваат на учениците, додека со некои од нив, тие самите ќе се соочат при дискусијата. Последниот дел од работата со книгата може да се изведе како сумирање на десетте принципи на Организацијата и изнесување на видувањата на учениците за тоа кои правила треба да се применуваат во хуманитарна работа.

Како додаток е објавен адресар на веб-страници кои учениците можат да ги користат за дооформување на нивните сознанија за Косово, за другите меѓународни конфликти и за некои други аспекти на хуманитарната работа.

## КОСОВО - ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка, мцмс
Автор: Биргите Болман, Данската црковна помош (Folkekirkens Nødhjælp)
Педагошки консултант: Торбен Улрик Нисен, Државен педагошки истражувачки центар, Данска
Фотографија на насловната страница: Косовски Албанци во бегство пролетта 1999 година. Од Јоаким Ледефогед
Печат: Борографика
Тираж: 1000 примероци
**ISBN: 9989-9942-8-5**

Наслов на оригиналот: KOSOVO - DILEMMAR I EN KATASTROFE
Folkekirkens Nødhjælp
Forfatter: Birgitte Bollmann

Скопје, 2002

# КОСОВО

## – ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА

ДАНСКА ЦРКОВНА ПОМОШ



## Воведен збор кон изданието

Книгата „Косово – дилемите на една катастрофа“ зборува за косовскиот конфликт и хуманитарната катастрофа. Книгата го опишува потеклото на конфликтот (прв дел) и одговорот на хуманитарната катастрофа и дилемите поврзани со тоа (втор дел). Во книгата се презентирани основите за решавање конфликти (трет и четврт дел).

Книгата на дански јазик е издадена во 1999 година. Таа е наменета за едукација на млади луѓе (пред сè во средните училишта) за решавање конфликти и за хуманитарната работа.
Книгата се издава на македонски, на албански и на српски јазик.
Сметаме дека оваа книга е одлична поддршка во образованието за решавање конфликти. Исто така дава можност да се запознаеме со поинакво гледиште на конфликт кој длабоко засегна голем број граѓани во Косово и во останатиот дел на СР Југославија, но и во Албанија и во Македонија.
Книгата е одличен вовед и во хуманитарната работа и веројатно ќе претставува еден од ретките ресурси во образованието за хуманитарна работа на јазиците на кои се издава книгата.
Книгата не е посебно прилагодувана, со исклучок на искажувањата на паричните вредности во евра, за полесно разбирање на вредностите искажани во дански круни.

*Сашо Клековски,*
*извршен директор на МЦМС*

---

## Почитувани читатели,

Конфликтите на Балканот во изминатите десет години претставуваат една човечка трагедија со гигантски размери. Повеќе од 200.000 луѓе загинаа, а околу 2.000.000 се раселија за време на војната во Босна и Херцеговина и во Хрватска. За време на косовската криза, пак, во последниот балкански конфликт, околу милион луѓе се растурија на сите страни.

Европската унија, а особено Канцеларијата на Европската комисија за хуманитарна помош (ECHO), за која сум јас одговорен, определи масовна финансиска помош за ублажување на последиците од оваа трагедија, за што се погрижија даночните обврзници во земјите членки на ЕУ. Најголемата хуманитарна операција во Европа по Втората светска војна се презеде со цел да се обезбеди засолниште, храна и медицинска помош за цивилното население. Помошта трае и натаму и достигнува вредност до 2 милијарди евра. Помогнато им е на милиони луѓе: бегалци, самохрани мајки, пензионери, хендикепирани, психички и физички болни, односно на лица на кои им е потребна постојана грижа. Сите тие се жртви на конфликт, во кој самите не учествувале.

Косовските бегалци, кои беа протерани од нивните домови и згрижени во бегалски кампови или кај семејства во соседните земји, добија хуманитарна помош, храна и лекови. Кога конфликтот заврши, речиси сите решија да се вратат во своите домови. Во времето кога ова го пишувам, во октомври 1999-та, ние им помагаме да се вратат и да ги извршат потребните поправки во нивните домови, за да не мораат да презимат на отворено.

Следниот чекор на Косово е обновата. Треба да се изградат домови, да се реконструира електричната мрежа, водоводот, здравствената заштита и треба да се воспостави нова администрација. Тоа е работа која Европската комисија исто така ја поддржува и која ќе потрае подолго време. Преминувањето од хуманитарна помош кон помош за обновата треба да се изведе внимателно. Локалните власти со текот на времето треба повторно да ја преземат грижата за најпогодените групи на населението.

Целта на хуманитарната помош е да им овозможи на цивилите да ги пребродат кризите. Хуманитарната помош сама по себе не може да ги реши конфликтите и не е замена за дипломатските и политичките спорови. Но сите, кои сакаат да помогнат, како во Европа така и надвор од неа, треба да се вклучат и да им помогнат на оние кои никогаш не посакуваа конфликти, а кои настрадаа поради нив.

*Поул Ниелсон,*
*Комесар на ЕУ за развој и хуманитарна помош*
*Ноември, 1999*

### За ЕКО (ECHO)

*ЕКО од 1992 година функционира како тело на Европската комисија и обезбедува хуманитарна помош за милиони жртви, како на природните катастрофи така и на конфликтите надвор од Европската унија. Досега се донирани околу 4 милијарди евра, а само во 1998 беше поделена помош во износ од 517 милиони евра. Таа се дели непристрасно, директно на жртвите, без оглед на нивната раса, религија или политичка ориентација. ЕКО работи преку партнери, главно организации кои имаат потпишано рамковен договор за партнерство со ЕКО. Таа им помага на органите на Обединетите нации, дава придонес во семејството на Црвениот крст и им помага на невладините организации.*

# СОДРЖИНА




I. ДЕЛ - ВОЈНАТА ВО ЕВРОПА .......... 4

ИСТОРИСКИ МИТОВИ .......... 6
ИСТОРИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА .......... 9
ИСТОРИЈА НА КОСОВО .......... 21
ВОЈНАТА НА КОСОВО .......... 25

II. ДЕЛ - ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ И ВОЈНАТА .......... 30

ДЕСЕТТЕ ЗАПОВЕДИ НА ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ .......... 30
ДИЛЕМИ ОКОЛУ ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ .......... 31
ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА .......... 34
ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ ВО АЛБАНИЈА .......... 38
ВРЕМЕ ЗА ПОМОШ .......... 45
ПОВТОРНО ДОМА .......... 52

III. ДЕЛ - ЗА УЧЕНИЦИТЕ .......... 61

IV. ДЕЛ - ЗА ПРЕДАВАЧИТЕ .......... 66

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА .......... 59
ИНДЕКС .......... 69

# 1. ДЕЛ ВОЈНА ВО ЕВРОПА

## НА КОСОВО СЕ СЛУЧИ КАТАСТРОФА

Слики на масакри низ селата и сведоштва за теророт и прогоните ги преплавија светските медиуми.

*НАТО бомбардираше, а Србите натераа во бегство милион луѓе, кои претежно се засолнија во соседните земји Македонија, Албанија и Црна Гора. Конечно, НАТО-бомбите ги принудија српските единици да заминат од Косово. Потоа Албанците повторно се вратија дома. Тогаш на Србите им беше редот да ги напуштат своите куќи, кои гореа во пламен.*

*Објаснувањето, како тоа можеше да се случи, оди далеку во минатото.*

Војната на Балканот е поврзана за неговата историја. Но историјата посебно е поврзна со начинот како се толкува таа. Некои од објаснувањата ќе ги добиете во оваа книга.

**Како можеше тоа да се случи?**

*„На Косово секогаш има најмалку три приказни за тоа што се случило. Тука е вистинската, онаа заснована врз познатите факти, за која можат да се согласат историчарите. Постои и албанската верзија за истиот настан. И српска верзија. Последните две верзии воопшто не наликуваат една на друга. Податоците, на кои едниот народ им придава големо значење, речиси и не се споменуваат во приказната на другиот. И обратно“.*



(Хокан Виберг, мировник и експерт за Балканот.)



*Српски полицајци стојат покрај телата на косовски Албанци, припадници на ОВК. Во јануари 1999-та полицијата уби 24 припадници на ОВК во селото Рогово.*

## Балканот - што е тоа?

Балканот е полуостров во Југоисточна Европа. Во него спаѓаат: Југославија, што се состои од Србија и Црна Гора, државите што настанаа по распадот на поранешна Југославија - Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и Македонија, а на Балканот припаѓаат и Грција, Албанија, Романија, Бугарија, Унгарија и европскиот дел на Турција.




*На картата е прикажано како се менувале границите на Србија во разни периоди. Околните републики доживувале слични промени на нивните територии (види ја картата на стр. 10 на Османското царство) и сите овие промени на границите влијаеле и на структурата на населението - а не помалку и на многуте малцинства насекаде низ Балканот.*

Во 1998 година медиумите објавија многу драматични и трагични приказни од Косово. Такви се примерите за атентатите на ОВК врз српската полиција на Косово и за девојчето - косовска Албанка, која молела да биде жртвувана, кога Србите дошле во нејзиното село. Приказните за српското момче Зоран и за албанското девојче Магбуле се градат врз основа на овие податоци.

## Приказната на Магбуле

„Имам 14 години и јас сум косовска Албанка. Ја видов мојата најдобра другарка како беше убиена, кога српските војници дојдоа во моето село во април 1999 година. Секое семејство требаше да плати по 800 ДМ, во спротивно по еден член од секое семејство беше убиван. Таткото на мојата пријателка немаше пари да им плати, па тогаш тие ја застрелаа. Кога дојде редот на моето семејство, ги замолив да ме убијат мене, затоа што не можев да поднесам да гледам како ги убиваат татко ми или мајка ми. Но, не ме убија. Татко ми ме купи. Ги даде сите свои пар, 785 германски ДМ. Тоа не беше доволно. Српскиот војник сепак ни дозволи да си одиме. Сега сме во бегалски камп во Албанија. Изгубивме се, но ни останаа нашите животи.

Србите секогаш така се однесувале кон Албанците. Како да сме ние некоја безлична толпа, со која тие можат да прават се што ќе им се посака.

Косовската земја била албанска, до доаѓањето на Словените во седмиот век. Тие ги нападнаа и ги протераа Албанците на планините на Газиместан и во самата Албанија. Тоа ми го кажа дедо ми. Тогаш дошле Турците и тука останале со векови, додека не ослабнале толку за да не можат веќе да го држат Косово под контрола, а ние не бевме слободни. Србите го поробија Косово во 1912-та година. Никој не не праша нас Албанците дали ние сакаме да и се приклучиме на Југославија, кога таа беше создадена во 1918-та. Ние едноставно бевме втурнати внатре, иако ние повеќе би сакале да припаднеме на Албанија на која и припаѓавме уште откако Скендербег ги обедини Албанците во 15-тиот век.

Кога се создаде Југославија, сите други народи во државата добија сопствени републики. Освен косовските Албанци. Ние бевме доделени на Република Србија, иако тоа не го сакавме и се боревме против тоа.

По долгогодишна борба југословенскиот водач Тито конечно ни даде автономија во 1974 година. Но, Слободан Милошевиќ повторно ни ја одзеде во 1989-та. Оттогаш ние не можевме да учиме албански во училиштата. Србите ни ги одзедоа училиштата и не истераа сосема од нив.

Сега се враќаме дома. Татко ми веќе замина таму. Тој ќе се врати и ќе не однесе, откако ќе најде место на кое ќе можеме да се сместиме. Нашата куќа е уништена, затоа што Србите го запалија целото село.

Србите се виновни за сè...“



## ТЕ МИТОВИ

Го замоливме мировникот Хокан Виберг да раскаже, како изгледаат српската и албанската верзија на вистината, гледани со очите на 15-годишното момче од српска националност и во очите на 14-годишното девојче од албанска националност. Се разбира, тие сами не ја раскажаа целата приказна. Но, тоа што е кажано, претставува дел од типичните одговори.



### Сторијата на Зоран

„Јас сум Србин, имам 15 години и роден сум на Косово. Во 1997 година, албанските терористи, ОВК почнаа да ги убиваат српските полицајци во нивните домови. Тие ги убиваа исто така и Албанците, кои соработуваа со нас за да се зачува редот и мирот на Косово.

Мојот татко е полицаец. Мајка ми не можеше да седи и да чека кога ќе дојде редот на нас. Однапред беше убедена дека Албанците ќе го преземат Косово. Потоа српското малцинство ќе биде изложено на шиканирања и притисоци, исто како што тоа веќе се случи во Хрватска, каде што живеат тетка ми и вујко ми.

ОВК-терористите станувaa се полоши и полоши. Најпосле, моравме да се заштитиме. Во март 1998-ма почна војната против терористите. Го нападнавме селото на лидерот на ОВК, Адем Јашари. Бевме принудени да покажеме дека веќе нема да ги поднесуваме терористите и убијците од ОВК, вели мојот татко.

Но, така е тоа кога си Србин. Најпрво не нападнале Турците. Стотина илјади Срби го дадоа својот живот во Косовската битка во 1389-та за да ги спасат останатите христијани од Турците. Сами војувавме цели 500 години, се додека повторно не се ослободивме.

Во Втората светска војна повторно бевме нападнати. Овој пат од германските нацисти. И од хрватските усташи, кои убија околу половина милион Срби во нивните конц-логори. Многумина од косовските Албанци не беа ни малку подобри од усташите. Тие се бореа на страната на нацистите. Тие се здружија со непријателот. Албанците секогаш го прават тоа.

Сега 50 години подоцна, повторно не нападнаа Албанците. На Косово, кое беше српско и света земја на Србите 800 години. Кога се обидовме да се заштитиме, почна НАТО да го бомбардира главниот град на Србија, Белград, и Косово. Целиот свет не мрази, единствено поради тоа што се бориме да се заштитиме себеси.

ПОсле тоа НАТО го заседе Косово и се нарекоа себеси „мировни сили“. Тие ветија дека ќе не заштитат, но не можеа да го сторат тоа. Сега сме бегалци и живееме кај мојот стрико во Белград. Не се осмеливме да останеме на Косово. Успеавме да го понесеме со себе само она што можевме да го сместиме во колата. Татко ми подоцна дозна дека нашата куќа ја запалиле.

За сè е виновна ОВК...“

## Две вистини

Ниту Магбуле ниту Зоран не ја кажуваат историската вистина. Тие обајцата го кажуваат она што нивните народи го избрале за прикажување од историјата.

Скендербег не ја обедини Албанија. Тој ги натера албанските племиња да престанат да војуваат меѓу себе и да се обединат во борбата против Турците. Кога тој почина, тие повторно почнаа да војуваат меѓу себе. Иако племињата го говореа истиот јазик, дури на крајот на минатиот век тие започнаа да чувствуваат дека припаѓаат на иста заедница.

И поминаа уште неколку децении пред да се роди идејата за Албанија.

Скендербег значи не е аргумент дека Косово им припаѓа на Албанците, иако така велат Албанците.

Зоран тврди дека Србите сами војувале против Турците во Косовската битка. Тоа не е точно. И Албанците христијани се бореле против Турците. Но имало и Срби и Албанци што војувале на страната на Турците.

Косовската битка значи не е аргумент дека Косово е српско, како што тврдат Србите.

Политичката злоупотреба на овој вид полуисториски вистини и митови сноси значителен дел од вината за тоа што на Балканот се предизвика толку многу омраза, што заврши со неколку војни и со една бегалска катастрофа. И како што се покажа, верската припадност исто така игра значајна улога кога се заоструваат спротивностите.




*Турците и Србите во битката на Косово, на чело со јунакот Бошко Југовиќ на бел коњ. Насловната страница на српско списание од 1989 година, по повод годишнината на битката.*
*Во српската историја се прикажува дека од едната страна биле само српските христијани, додека Албанците укажуваат на извори според кои во битката учествувале „Унгарци и Чеси, Срби и Албанци, Хрвати и други европски народи“.*

# ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ИСТОРИЈА

## Српската империја на Косово

Историчарите се согласни дека српскиот крал Стефан Урош Душан четвртиот, создаде една голема империја од Дунав, преку Албанија, па до Грција, во 14-тиот век. Срцето на неговото царство се наоѓаше во Косово и Македонија.

На Косово Србите изградија многу убави цркви и манастири во 13-тиот и 14-тиот век. Целиот Балкан всушност беше христијански. И Албанците беа христијани до доаѓањето на Турците. По смртта на цар Душан, започна повлекувањето на Србите. Турците набрзо прераснаа во нова голема воена сила на Балканот, од каде започнаа поход на Европа.

Турците, кои се нарекуваа и Османлии, добија една битка против православните христијани во 1371 година. Новиот српски цар умре, а империјата почна да се руши однатре. Битката во 1371 всушност беше смртоносен удар на Турците врз големото Душаново царство.

Но, битката на Косово Поле, кај Газиместан, која се одигра речиси 20 години подоцна, на 28 јуни 1389-та, е онаа што е славна. Напишани се голем број дела за битката на Косово Поле. Едно од нив е песна, која се вика „Падот на српското царство". Песната говори за стариот цар Лазар, кој на Косово имаше едно привидение: Господ му дозволи да избира меѓу земското царство и небесното царство. Доколку го одбереше земското царство, тој ќе ги победи Турците на Косово Поле. Доколку го одбере небесното царство, за замена ќе ја добие вечноста. Тој го избра небесното царство.

### Исламот

Исламската света книга се вика Кур'ан. Во Исламот има два главни реда: *сунитскиот и шиитскиот*. Најголемиот пророк на Исламот е Мухамед. Исус не се смета за Божји син, туку само како голем пророк.

Според Куранот, Исламот е втемелен на „пет обврски", одредени активности, кои муслиманскиот верник треба да ги прави.

- Првата обврска е признавање на верата: „Нема друг господ освен Алах, а Мухамед е неговиот пророк".
- Втората обврска е молитвата: Човек треба да ја изведува молитвата пет пати на ден.
- Третата обврска е да се почитува Рамазан, месецот на постот, во кој не смее да се јаде, да се пие, да се пуши или да се води љубов од изгревот до залезот на Сонцето.
- Четвртата обврска е да се даде милосрдие на сиромашните, најмалку еднаш во текот на годината.
- Петтата обврска е да се отиде на аџилак во Мека, најмалку еднаш во животот.

### Разлики меѓу христијаните

Источната - односно ***Православната*** црква со седиште во Истанбул, во 1054-та година, се отцепи од западната - односно ***Католичката*** црква - со седиште во Рим.

Православните христијани не го прифаќаат католичкото верување дека Папата е Исусовиот претеник на земјата. Тие се против католичката традиција, свештениците да живеат во целибат, односно да не можат да формираат семејство. Православните свештеници фактички се слободни да се женат. А целибатот, се однесува само на калуѓерите и епископите на Православната црква.

Во 1517 се одвои уште една струја од Римокатоличката црква. Тоа беа ***протестантите***, предводени од Мартин Лутер. Тој, како и православните христијани, не сакаше да го прифати Папата како Исусов претставник на земјата. Лутер, исто така, не го прифаќаше целибатот за сите свештеници и калуѓери.

Но, Лутер беше и против „пропагирањето" дека оној што дава пари за црквата, ќе се спаси од одење во пеколот. Лутер сметаше дека е доволна вербата во Господ и молитвите кон него за спасение. И не се согласуваше да се плаќаат пари.

Значи, во воена смисла Србите изгубија, но победија морално. Оттогаш трае српскиот мит за косовската битка. Кога Милошевиќ се предаде под бомбите на НАТО, тој се појави на српската телевизија. На Србите тој им рече дека тие се морални победници...

## Турците се протерани

По битката на Косовско Поле, српските кнезови се упатиле на Север во долината на Дунав, источно до Белград.

Во 1683-та Турците се обидоа да ја освојат Виена и Австрија. Но, овој пат Турците беа одбиени. Тогаш тие беа протерани и од Унгарија. Австро-унгарската војска тргна во контранапад против Турците, на Југ. Кога стигнаа кај Скопје, во Македонија, наиде на чума и војската, поради болеста, се врати назад.

Србите дигнаа бунт против Турците, кога пристигнуваше австро-унгарската војска. Нивниот лидер, патријархот (архиепископот) се уплаши од одмазда на турската војска. Тој собра 30.000 - 40.000 семејства и се упати на Север во 1690-та. Само мал број од Србите остана на Косово. Раселените Срби се населија на унгарска територија, во северна Војводина.

На нивно место на Косово стигнаа албански доселеници. Така пишува српската верзија на историјата.

*Стар историски атлас (1923), кој покажува како од големото Османско (турско) царство, по 1683 година се издвојувале многу независни и делумно независни држави. Општо гледано, целиот сегашен Балкан бил дел од тоа царство. Кога беше најголемо, тоа царство го опфаќаше најголемиот дел од Средоземјето, заедно со Северна Африка и Арабија.*





Во албанската историја сепак се смета дека тие биле присутни таму отпорано. Албанците всушност тврдат дека тие се потомци на старит народ - Илири, кои отсекогаш живееле на Косово. Србите се тие кои се доселија и се обидоа тогашните Албанци католици да ги преобратат во православни христијани, велат Албанците.

Во наредните два века повремено се водеа војни против Турците со цел да се протеруваат од Балканот. На почетокот на 19-тиот век Србија беше сведена на мошне мала држава околу Белград. Во наредните години Србите војуваа против Турците и враќаа под свое сè повеќе од територијата.

## Создавање на Југославија

Од 1910 до 1912 година, Албанците дигнаа востание, кое започна на Косово. Турците беа протерани, а Албанија се ослободи. Косово исто така. Но, Србите ја искористија исцрпеноста на Албанија и го окупираа Косово. Така велат Албанците.

Србите тврдат дека во 1912-тата тие биле толку силни што, по петвековното ропство, можеле да ги истераат Турците од Косово и од Македонија. Косово конечно им се „врати“ на Србите. Една конференција на големите сили во 1913-тата ја призна анексијата, и покрај тоа што мнозинството население на Косово беа Албанци.

*Убиството на австрискиот престолонаследник во 1914 година, го означи почетокот на Првата светска војна. Австрискиот престолонаследник беше убиен од еден Србин, како одмазда за преземањето на власта во Босна и Херцеговина од страна на Австроунгарија во 1908 година. Убиството се случи на годишнината на Косовската битка од 1389.*



*Партизанското движење беше немилосрдно задушувано за време на Втората светска војна. На сликата е народиниот херој Стеван Филиповиќ, борец за слобода, осуден на смрт и обесен на 22 мај 1942 година.*

Две години подоцна - во 1914 година, еден српски националист го уби австрискиот престолонаследник во Сараево, како одмазда што во 1908 година Австроунгарија ја анектира Босна и Херцеговина.

Убиството во Сараево ја предизвика Првата светска војна. Србија беше окупирана од Австријците, Германците и Бугарите, но се ослободи во 1918. За време на војната Хрватите, Словенците и Србите се согласија да создадат една заедничка држава. Трите народи од северозападниот дел се договорија новата држава да се нарекува Југославија, или „јужнословенската земја“.

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, Југославија беше формирана. Не од еден народ, туку од повеќе националности, кои имаа различна историја и зборуваа различни јазици.

## Дваесетите и триесетите години

Косовските Албанци се обидоа да дадат отпор. Тие повеќе сакаа да бидат со Албанија. Но никој не ги прашуваше Албанците, босанските муслимани и Македонците дали тие сметаат дека создавањето на Југославија е добра идеја. Тие едноставно беа игнорирани од Хрватите, Србите и Словенците. После тоа беа утврдени границите на новата држава.

Имаше мноштво конфликти, непријателства, атентати меѓу различните југословенски народи во дваесетите и триесетите години од 20-тиот век. Сепак југословените беа блиску до постигнувањето прифатлив компромис во 1939 година. Но тогаш дојде Втората светска војна, а нацистите ја нападнаа Југославија во 1941 година.

Така, истовремено имаше и граѓанска војна и окупација.

## Втората светска војна.

Нацистичка Германија во сојуз со Унгарија и Бугарија, започна војна со Југославија. Италија, која исто така беше сојузник на нацистичка Германија, на југ, ја создаде Голема Албанија во која влегоа Косово, Западна Македонија и Албанија, односно деловите кои Италија претходно ги запоседна. Од делови на Србија се создаде една мини Југославија, која беше под нацистичка окупација, иако истовремено беше под водство на еден српски генерал.

Хрватска, која тогаш исто така ја опфаќаше и Босна и Херцеговина, беше предводена од усташкото движење, кое фактички беше исто толку сурово колку и нацистичкото. Тие убија стотици илјади Срби, Евреи и Цигани. Десно-ориентираните српски четници од своја страна убија голем број босански муслимани.

Кога сите туѓинци беа истерани во 1945 година, комунистичкото партизанско движење ги победи и усташите и четниците, исходот од војната и од граѓанската војна предизвика смрт на секој десетти Југословен.



*Маршал Тито (напред) врши смотра на партизанската војска, летото 1944 година, на островот Вис.*



## Титова Југославија: 1945-та до ’87-ма

По Втората светска војна, Јосип Броз, партизанскиот водач, Хрват и комунистот, со псевдоним Тито, излезе како апсолутен победник.

Титовата партизанска војска ја сочинуваа припадници на сите националности и тие ги совладаа и германските нацисти и сопствени-те фашисти. По сета таа крв, по толку смрт и убиства, Тито ќе се обиде да го поведе тоа мноштво народи повторно заедно во една држава.

Прво, сите кои беа блиски на нацистите, усташите или четниците, беа ликвидирани. Речиси сите Германци беа протерани од покраината Војводина и испратени во Германија, и покрај тоа што поголемиот дел од нив живееле таму со генерации. Беше строго забрането да се говори или да се пишува лошо за другите етнички групи. Таквите беа нарекувани малограѓански националисти, а за тоа се одеше во затвор.

За Титова Југославија се велеше дека е составена од 6 републики, 5 нации, 4 религии, три главни јазици, 2 азбуки и 1 држава. Во реалноста имаше повеќе (со исклучок на азбуките и државата).

## Шест републики (плус нешто повеќе):

Повоена Југославија се состоеше од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Македонија и Србија. Но, во српската република во 1974 година самостојност добија две покраини. Војводина во Северна Србија со големо унгарско *малцинство* и Косово во Јужна Србија, со големо албанско *мнозинство*.

а / a (а) како во „азбука“
б / b (б) како во „братство“
в / v (в) како во „велосипед“
г / g (г) како во „голем“
д / d (д) како во „даб“
ѓ / dj ( | ) како во „ѓердан“
е / (е) како во „лето“
ж / zh (ж) како во „жаба“
з / z (з) како во „збор“
ѕ / x (-) како во „ѕвер“
и / i (и) како во „икона“
ј / j (j) како во „јаболко“
к / k (к) како во „корито“
л / ll (л) како во „луто“
љ / l (љ) како во „виљушка“
м / m (м) како во „мед“
н / n (н) како во „намера“
њ / nj (њ) како во „коњ“
о / o (о) како во „Охрид“
п / p (п) како во „пиперка“
р / r (р) како во „риба“
с / s (с) како во „сокол“
т / t (т) како во „татко“
ќ / q ( } ) како во „среќа“
у / u (у) како во „урда“
ф / f (ф) како во „филм“
х / h (х) како во „хотел“
ц / c (ц) како во „цвет“
ч / ç(ч) како во „четиво“
џ / xh (џ) како џ во „џамија“
ш / sh (ш) како во „школка“
- / dh (-) како во англиското „this“ (ова)
- / th (-) како во англиското „theatre“ (театар)
- / y (-) како во германското „München“ (Минхен)
' / ç (-) како во 'рт
- / rr (-) во албанскиот јазик тврд изговор на „р“

*(Во првата колона се дадени македонските букви и гласови, во втората албанските, а во третата српските)*



*Слики од Дечани: На оваа стара слика е прикажано средновековното царско стебло. Имињата се напишани со кирилична азбука.*

## Шест нации (плус нешто повеќе):

1. Срби и Црногорци кои преставуваа 38 отсто од населението.
2. Хрвати, кои беа околу 19 отсто од населението.
3. „Муслимани“, кои беа босанци кои зборуваат словенски јазик, Срби или Црногорци со муслимански културен бекграунд. Тие сега се нарекуваат Бошњаци. Околу 9,5 отсто.
4. Словенци. Околу 7,5 отсто.
5. Македонци. Околу 5 отсто.

Останатите 20 отсто ги сочинуваат, меѓу другите, косовските и македонските етнички Албанци. Тие, што е прилично интересно, не се сметаа за самостојна нација, и покрај тоа што сочинуваа околу 10 отсто од населението.

Следува долга низа мали малцинства во Југославија: Унгарци, Роми, Чеси, Романци, Италијанци и Украинци.

## Четири религии (плус нешто повеќе)

1. **Православна:**
   Срби, Црногорци, Македонци, Романци и Грци
2. **Католичка:**
   Хрвати, Словенци и Италијани
3. **Хебрејска:**
   Повеќето Евреи, кои живееја во Босна и во големите градови, за време на Втората светска војна беа протерани од нацистите. Но, една помала еврејска заедница и натаму постоеше.
4. **Исламска:**
   „Муслиманите“, односно Бошњаците (Босанците) со исламска вера или муслимански културен бекграунд и повеќето косовски Албанци, плус Турците и Ромите.

Но, се подзаборава дека исто така имаше и протестанти во Северна Југославија. На пример, лутеранските Словаци во Војводина и реформираните Унгарци.

## Три јазици (плус нешто повеќе):

1. Српскохрватски, што го говора Србите, Црногорците и Хрватите. Последниве претпочитаат да го нарекуваат хрватски! Бошњаците, односно босанците со муслимански културен бекграунд исто така говорат српскохрватски, но го нарекуваат бошњачки.
2. Словенците зборуваат словенечки.
3. Македонски, кој го говорат Македонците.

## Две азбуки

Кирилица и латиница.

### Косова или Косово

Многу дански весници на крајот на ’90-те одбраа да пишуваат Косова (албански). Србите го ставаат акцентот на зборовите на третиот слог од крајот, односно го изговараат **К**осово, додека Албанците го нагласуваат претпоследниот слог Ко**СО**ва. За да не застанеме само на една од страните во конфликтот, Данската црковна помош ја одбра верзијата на Рицаус Биро (Ritzaus Bureau) кое е јазично уредувачко биро.

### Неколку други јазици

Вкупно 83,2 отсто од Југословените говореа во 1991 еден од трите словенски јазици како мајчин јазик. Но, во Југославија се употребуваа повеќе јазици:

- Албанскиот го говореа околу 9 отсто од населението.
- Унгарскиот се говореше од 1,6 отсто.
- „Сите други“: романски, грчки, италијански, турски итн…

## Војводина: Сомотните црнини

Многу Срби од Краина и ден денес се наоѓаат во бегалските кампови во Војводина. Без имот, пари или работа. Ним им недостасуваат нивните домови во Краина, исто толку колку што им недостасуваа на косовските Албанци домовите на Косово, додека се наоѓаа во соседните земји.

Локалната протестантска црква во Војводина се труди да им помогне и доби помош од Данската црковна помош во 1996 година. Жените добија шивачка работа, така што можеа да заработат по нешто. Многу од жените со тие пари си купија сомотен црн штоф. Така, можеа за себе да си сошијат традиционални здолништа, односно онакви какви што сите обични жени имаа „дома“ во Краина во Хрватска.



*Србинка од Краина, источна Хрватска. една од припадничите на српското малцинство, што беше истерано од домовите, во кои што живееле со векови.*

## Единството се распаѓа

Три работи ја одржуваа Титова Југославија заедно. Сите три „врски“ беа раскинати во текот на ’80-тите. Првата врска беше самиот Тито. Тој беше почитуван од сите. Но, тој почина во 1980-та.

Втората врска беше комунистичката партија, која беше и против религијата и против национализмот. Но, многу комунисти ненадејно станаа националисти во 80-тите. Слободан Милошевиќ беше еден од нив.

Третата врска беше надворешната закана. Југословените стравуваа дека Советскиот Сојуз ќе им ја окупира земјата. Тука тие беа заедно. Но, Советскиот Сојуз самиот се распадна, така што и надворешната закана исчезна.

Кон крајот на ’80-тите почнаа многумина се повеќе да тврдат дека српскохрватскиот јазик во Босна, Србија и Хрватска е сосема поинаков јазик. Затоа тие и не треба многу да се трудат да останат во заедница со старите сонародници.

Словенците имаа дополнителна причина да тврдат колку се тие поразлични. Економски за нив беше многу подобро да се осамостојат, одошто да бидат заедно со сиромашните републики, како Босна и Херцеговина и Македонија. Што понаисток и понајуг, толку посиромашни стануваа републиките.




Од 1991 и во годините потоа Југославија почна да се распаѓа. Словенија се отцепи по една мала десетдневна војна. Хрватска се осамостои по една крвава војна, во која Хрватите и Србите наизменично војуваа едни против други. Србите од Краина, кои живееја во Хрватска со векови, создадоа сопствена република, која ја нарекоа Краина.

*Како груба провокација Србите го доживеаја тоа што Хрватите во 1990 г., како и усташите во 1941 година, ја поставија шаховницата од средновековното борбено знаме на новото хрватско знаме. На сликата се гледа знамето зад хрватскиот претседател Фрањо Туѓман.*

## Шаховницата и снајперите

Веќе во 1990 година Хрватите ја вратија усташката воена шаховница на хрватското знаме! Усташите, кои убија половина милион Срби во Втората светска војна! Тоа беше шлаканица за Србите.

Следеа и нови удари: во 1995 година вкупно 150.000 Срби од Краина ја напуштија Хрватска.

Србите не се сами во етничкото чистење во Југославија.



*Припадник на босанските владини воени сили плаче, слушајќи го раскажувањето на неговата мајка, по масакрот во Сребреница 1995 година. Таму беа убиени околу 8000 муслимански мажи и момчиња.*



## Босна

Босна и Херцеговина и Македонија се трудеа се додека беше можно да останат во Југославија. Двете републики имаа големи етнички малцинства. Тие не сакаа да влегуваат во граѓанска војна. Македонија ја избегна и се осамостои без насилство. Но, не и Босна.

Земјата помина низ една крвава и безмилосна војна, во која посебно некои од босанските Срби се однесуваа ѕверски. Тие убија 8.000 невооружени муслимански мажи и момчиња, кои беа пребегнати во областа на Сребреница, за која ОН ветија дека ќе ја заштитат. Тоа беше веројатно најлошото воено злосторство што се случи во Босна.

Сараево, главниот град на Босна, беше опседнато и бомбардирано со гранати. На покривите демнеа снајперистите. Опасно беше да се излезе и да се купи леб или да се оди по вода.

*Сараево беше голем и модерен босански град, во кој пред војната различните етнички групи живееја заедно во мир. Градот беше под опсада и се гранатираше. Во 1994 година, 45 луѓе загинаа кога една граната падна во градскиот пазар.*

Од 1991 година до 1995, ЕУ и ОН правеа неуспешни напори да ја контролираат војната на Балканот, и покрај разместувањето на УН трупите и безбројните состаноци помеѓу ЕУ и завојуваните страни.

Се обидоа со економска блокада спрема Србија, така што никој не соработуваше со нив, сè со цел за запирање на војната. Тоа ја ослабе српската економија, но не ја запре војната.

На крајот, САД извршија притисок за организирање мировни преговори за Босна, што се одржаа во градот Дејтон, во американската држава Охајо, во ноември 1995 година. Затоа мировниот договор се нарекува Дејтонски договор. Со него Босна практично се подели на две области. Една хрватско-бошњачка заедница и еден српски дел под името Република Српска.

Косово не беше спомнато во Дејтонската спогодба, затоа што се сметаше за внатрешно прашање на Србија. Нешто со што Западот не се занимаваше. Во Југославија останаа две републики: Црна Гора и Србија со Косово на југ и Војводина на север.



*Сараево, главниот град на Босна, беше под опсада и гранатиран од 1991 до 1995 година. Снајперистите ги направија улиците толку опасни, што претставуваше коцка со живот да се излезе надвор за да се купи нешто или да се излезе по вода.*

**Движењето на населението на Косово**

| | 1948 | 1988 | 1998 |
|---|---|---|---|
| Албанци, Турци и Роми | 68,5% | 82,2% | околу 90% |
| Срби | 31,5% | 17,8% | околу 10% |



*Погреб во Косово.*



*Мајкаша на Мирела, сликана во Данска, во времеşо кога семејсшвошо беше засолнешо шаму. „Пушши ги Мирела", и рече мајка и, кога се соочи со омразаша на Србиşе кон неа.*

## *Пушши ги, Мирела!*

Мирела Хабота, 17 години, живееше заедно со својот татко Муслиман и мајка Србинка и со помалата сестра во една куќа во Сараево во Босна. Куќата беше убава. Нејзиниот татко, инженер, ја изградил сам.

Во дворот одгледуваа 34 разни видови рози. Мајка и многу ги сакаше розите. Веднаш до нивната куќа живееја дедото и бабата на Мирела, а наспроти нив, нејзиниот стрико со жената и детето. Мирела се сеќава на сите соседи. Меѓу нив имаше Хрвати, Муслимани, Срби:

*„Пред војнаша во Босна беше ӣрекрасно шоа шшо имаше ӣовеќе религии. Тоа значеше дека имавме многу ӣразници и слави. Два божиќи, кашолички и ӣравославен, две нови години, Рамазан, Велигден. Одевме на госши кога другише имаа ӣразници, а другише доаѓаа кај нас, кога ние ӣразнувавме, и секојӣаш за нас децаша имаше многу ӣодароци. Беше забавно. Тогаш воойшшо не беше ӣроблем дали некој беше муслиман, ӣравославен или нешшо друго. Но, шогаш дојде војнаша", вели Мирела.*

*„ Кога Сараево беше ойседнашо, мајка ми не исӣраши кај нејзинаша шешка во Белград и ние бевме безбедни од гранашише и снајӣерише,. Одевме на училишше во Белград. Другише деца не задеваа. Не можеа да го слушааш моешо име, Мирела, зашоа шшо не сум „висшинска" Србинка и ме нарекуваа „валкана муслиманка". Баба ми, шешка на мајка ми, добиваше анонимни закани за ӣосшавени бомби, зашоа шшо живеевме кај неа. Ги мразев, ги мразев Србише долго време ӣошоа. Се молев да им се случи нешшо лошо".*

*„Пушши ги Мирела. Не биди како другише", ми велеше мајка ми шогаш. „Не се сише Срби шакви. Ти самаша си ӣоловина Србинка, зайомни. Пушши ги Мирела."*

*„Побегнавме во Данска, ошкако снајӣерисшише ги засшрелаа сшрина ми и нејзинаша сесшра, во нивнаша куќа во Сараево во 1993. Првин ӣобегнавме ние со мајка ми. Ташко ми осшана да ја чува куќаша, но шаа беше разурнаша од гранашише. Така шшо и шој ӣобегна. Дедо ми и нашаму е во соседнаша куќа, но и шаа е гаранширана и разурнаша. Тој се уште се надева дека еден ден ќе се врашиме. Но ние не можеме да се врашиме, зашоа шшо мајка ми е Србинка, а ташко ми Муслиман".*

Семејството Хабота денес живее во Австралија. Во Данска немаше работа за татко и на Мирела. Мајка и на Мирела е писателка и напиша драма, која беше изведена во Копенхаген, додека престојуваа таму. Татко и на Мирела веруваше дека ќе најде работа во Австралија. Но по патувањето таму, семејството се разочара и посака да се врати во Данска. Но, вратата беше затворена. Тие веќе не можеа да се вратат назад.

# КОСОВСКАТА ИСТОРИЈА

## Започна на Косово...

Косовските Албанци за прв пат демонстрираа за поголема самостојност во 1968 година. Тито и режимот во Белград го доживеаја тоа како мошне голема опасност, затоа што Советскиот Сојуз веќе изврши инвазија на Чехословачка. Се плашеа дека Советите можат истото да го сторат истото и во Југославија, кога Албанците почнаа да бараат поголема самоуправа.

Тито одговори остро и демонстрантите беа затворени. Но во 1974 година Тито му даде на Косово самостојност. Тоа значеше, меѓу другото, дека Албанците добија право на сопствен парламент и образование на албански јазик.

Следните албански немири уследија непосредно по смртта на Тито во 1980 година. Сите други народи во Југославија ги оценија демонстрациите како мошне опасни за југословенската држава и тие беа грубо задушени.

Во текот на осумдесеттите години во печатот се појавија низа невистини тврдења за тоа дека Хрватите и косовските Албанци заедно се борат против тамошните српски малцинства. Тоа не беше точно. Но, ги натера Србите да се чувствуваат загрозени. Посебно во Косово.

Населението на Косово се промени по Втората светска војна. Многу Срби се отселија од сиромашното Косово во '60-тите и '70-тите заради подобро платена работа на север. Освен тоа, Албанците во просек имаа многу повеќе деца одошто Србите. Комунистичката партија на Косово се бореше да ги држи Албанците и Србите подалеку едни од други и да го задржи мирот во покраината. Во 1987 година беше побарана помош од српската комунистичка партија:

„Испратете ни некого, кој ќе ги убеди косовските Срби да бидат разумни", молеа тие. Српските комунисти го испратија партискиот лидер: Слободан Милошевиќ. Но, на големиот митинг во Косово, Милошевиќ направи пресвртница со својот говор. Тој застана на страната на Србите, а не на југословенското братство и единство, за што беше замолен.

*„На тој митинг умре југословенската држава"*, пишува експертот за Балканот Карстен Фледелиус во неговата книга „Болеста и смртта на Југославија".

## Милошевиќ ја укинува автономијата

Во 1988 година Милошевиќ повторно отиде на Косово. Тој им вети на 800.000 српски демонстранти дека ќе ги „казни" косовската власти заради корупција. На Косово немаше 800.000 Срби. Милошевиќ со себе го поведе најголемиот дел од демонстрантите.

Во меѓувреме тој ги избрка сите разумни, ненационалистички Срби од раководството на комунистичката партија.

Милошевиќ го направи тоа што го рече: ги смени косовските Албанци од раководството и ги смести в затвор. Неговите тенкови го опколија парламентот. Тој се откажа од автономијата, што Тито му ја даде на Косово во 1974 година, така што Милошевиќ и Србија презедоа целосната контрола врз Косово.





*Слободан Милошевиќ, претседател на она што остана од Југославија. Милошевиќ, кој исто така се гледа на плакатите на демонстрантите (десно), ја одбележа 600-годишнината од битка на Косово поле, со демонстрација на сила во 1989 година.*



*Ибрахим Ругова, лидер на косовските Албанци, се залагаше за ненасилен отпор против Србите.*

Тоа значеше дека Милошевиќ ја презеде полицијата, војската и судството и сега српскиот парламент требаше да одлучува за судбината на косовското население. Албанскиот јазик беше ускратен.

Пред да им даде Тито автономија, претставници на косовските Албанци седеа во српскиот парламент. Тие можеа да учествуваат во донесувањето одлуки за остатокот од Србија, но не и за Косово. „Сега повторно ќе биде така", мислеше Милошевиќ.

Милошевиќ стана најмоќниот политичар во Србија. Тој ја одбележа 600-годишницата од битката на Косово Поле, на 28 јуни 1989-та на местото каде што се случи битката. Другите народи беа заплашени од српската демонстрација на сила.

## Непријателството расте

Додека поголемиот дел на Југославија беше во граѓанска војна, на Косово беше мирно. Милошевиќ ја суспендира автономијата во 1989-та. Косовските Албанци држеа мирни протести и ги бојкотираа сојузните избори во 1990-та. Наместо нив, тие организираа сопствени неофицијални избори. На нив победи *Ибрахим Ругова*, кој се залагаше за ненасилство во отпорот против Србите.

Косовските Албанци беа избркани од сите јавни институции во 1990-тата: Сите работни места во болниците, училиштата, војската и полицијата сега беа пополнети со Срби. Повеќе од половината Албанци беа без работа.

Со парична помош од косовските Албанци кои беа на печалба во странство, косовските Албанци се обидоа да создадат сопствени училишта и мали болнички клиники. Едно албанско општество во сенка постојано растеше.

Никој посериозно не беше загрижен за состојбата на косовските Албанци. Но, во косовските планини растеше незадоволството кон Србите.

## Оружје преку границата

Отпорот на косовските Албанци почна да станува насилен во 1997 г. по пропаѓањето на албанската економија поради таканаречените пирамидални игри. Тоа се своевидни штедилници, во кои луѓето вложуваат пари за да земат повеќе. Сите вложуваа во пирамидалните штедилници. Оденаш балонот прсна.

Во Албанија настана хаос, затоа што многумина ги изгубија сите свои пари во пирамидалните штедилници. Народот бараше надомест од државата. Воените складови беа ограбени, откако владата целосно ја поврати контролата врз ситуацијата. Големи количества оружје на албанската војска почнаа да се пренесуваат преку границата, кон Косово.

Во меѓувреме младите на Косово почнаа да го губат трпението со ненасилната политика на Ругова. Таа не даваше никакви резултати. Младите почнаа да пристапуваат кон ОВК (UÇK), Ослободителната војска на Косово, која беше формирана во 1992 од една мала група албански милитанти.

Во 1997, ОВК почна да врши атентати врз припадници на полицијата во нивните домови во разни делови на Косово. Тие исто така ги напаѓаа и српските администратори и оние косовски Албанци кои ОВК ги нарекуваше „предавници".

## Масакри и борби

Во март 1998, Србите извршија напад на косовското село во кое живееше лидерот на ОВК. Селото беше запалено. Лидерот



на ОВК и неговите луѓе беа убиени. При нападот беа убиени и 15 деца и 17 жени.

Мажите и повозрасните момчиња беа систематски прогонувани и убивани, а некои од нив Србите ги претепуваа. Младиот, седумнаестогодишник Раид, си го спаси животот, откако мајка му го облече во нејзината облека.

Тоа беше прв пат Србите да уништат цело село во борбата против ОВК. Во текот на пролетта 1998 г. Србите продолжија да ги бомбардираат и палат селата за кои сметаа дека ги засолнуваат војниците на ОВК.

Незадоволството беше големо и не се водеа само борби меѓу српската јска и албанските партизани на ОВК. Цивилното население, како и секогаш, беше вовлечено во војна.

*Албанската економија се најде во хаос во 1997 година, откако многумина ги изгубија парите во пирамидалните штедилници. Народот бараше надомест од државата. Многу оружје од воените складишта кои беа нападнати од народот подоцна премина во рацете на ОВК, на Косово*



*Борби меѓу тенковите и оклопните возила на југословенската војска и припадниците на ОВК во близина на Приштина, главниот град на Косово.*

Српската бруталност натера стотици млади Албанци да се зачленат во ОВК, иако во исто време еден дел од Албанците стравуваше дека зад ОВК стои банда убијци.

Борбите меѓу српската војска и ОВК стануваа се пожестоки. Летото 1998, ОВК имаше контрола над 40 насто од територијата на Косово. Но, во наредните месеци српската војска ја натера ОВК да се повлече кон Албанија.

Околу 300.000 косовски Албанци, цивили, побегнаа од рамните предели во планините или во Црна Гора. Станува збор за октомври 1998. Западот сфати дека зад хоризонтот се навестува катастрофа и дека се јавува голема потреба за хуманитарна помош.

Хуманитарните организации тргнаа со помош за бегалците. Но беше тешко. Суровата и студена зима во планините наближуваше, а голем број бегалци воопшто немаа покрив над глава.

# ВОЈНАТА НА КОСОВО

Во Косово, во близина на познатиот српски православен манастир Дечани, изграден во средниот век, живее еден сајбер-свештеник: Отец Сава е православен Србин. Тој е исто така компјутерџија и има сопствена веб-страница.

Кога изби вооружениот конфликт на Косово, во јули-август 1998 година, кога народот почна да бега во планините, Отец Сава ги зеде в рака двете работи - тастатурата и Библијата. Истото го сторија и неговите манастирски браќа.

Православниот свештеник, на сопствена иницијатива, од манастирот почна да организира хуманитарна помош за косовските Албанци - муслимани, кои бегаа од борбите.

*Во еден од познатите средновековни косовски манастири, Дечани, седи сајбер-свештеникот, отец Сава, кој преку компјутерски нарачки од својата веб-страница организираше хуманитарна помош за многумина кои во 1998а и 1999 година бегаа од оружените конфликти.*



## Меѓународната заедница

- „Меѓународната заедница“ е апстракен поим. Таа не се наоѓа никаде и не претставува ништо. Таа би можела слободно да се нарече и „повеќето западни земји“ или „САД и земјите кои се на страната на САД“. Не може прецизно да се каже што се подразбира под често употребуваниот термин „меѓународната заедница“.

- ОН, Обединетите нации, имаат седиште во Њујорк. Сите земји од светот се таму. Но, ОН се слаби. ОН можат да имаат толку пари и толку моќ колку што земјите членки сакаат да им дадат. САД, како најбогата земја членка на ОН, со години нема уплатено во фондовите на ОН. Затоа ОН се сиромашни.

- ОН ги сочинуваат : Генералното собрание, во кое учествуваат сите земји. Тоа има симболична моќ, односно претставува нешто повеќе од еден дебатен клуб.

- Највважните одлуки ги донесува Советот за безбедност. Во него постојано членство имаат 5 држави: САД, Франција, Велика Британија, Русија и Кина. Покрај овие, има уште десет места, на кои се менуваат останатите земји од светот.

- ОН имаат голем секретаријат, кој е во служба на Генералното собрание и на Советот за безбедност. На чело на секретаријатот е генералниот секретар на ОН. Во 1999 година генерален секретар е Кофи Анан.

- Високиот комесаријат за бегалци на ОН, УНХЦР има задача да им помага на бегалците во светот. УНХЦР треба да ја предводи меѓународната помош и да обезбеди почитување на правата на бегалците.

Поранешниот пилот на џамбо-џет, Поул Сване, уште во септември 1998 година беше испратен од Данската црковна помош за да раководи со хуманитарната помош за косовските бегалци кои се засолнија во планините. За организирање на помошта значајно е да се соработува со оние сили кои тоа го прават на самото место каде што треба да се пружи помош. Поул Сване откри дека една таква сила претставуваат сајберсвештеникот и неговите манастирски браќа.

Муслиманите на Косово исто така ги почитуваа свештениците во дечанскиот Манастир. Тие во изминатите децении беа отворени за сите кои беа во нужда, без разлика на нивната вероисповест.

„Било кој да имаше проблеми, свештеникот се трудеше да му помогне. Тоа го знаеја сите. Затоа беше сосема природно за бегалците муслимани, косовски Албанци, да дојдат во манастирот за да добијат помош„, раскажува Поул Сване.

## Политика - НАТО или ООН

Во октомври ’98-ма земјите - членки на НАТО му се заканија на Милошевиќ со воздушни напади, доколку не ги повлече своите трупи од Косово. Тоа требаше да биде крај за бегалскиот проблем во Косово.

Дотогаш во ООН постоеше еден принцип, дека не треба да се меша во она што властите го прават со сопственото население, колку и да е тоа лошо. Тој принцип се нарекува принцип на *суверенос̄та*. Немешање.

Но, во таа година еден друг принцип стануваше се позначаен: *ӣринциӣо̄т на човековӣте ӣрава*. Ако власта во една земја ги крши човековите права на сопствените граѓани, тогаш меѓународната заедница има право да се меша, сметаат денес земјите на НАТО.

Затоа, тие оценија дека треба да се притисне Милошевиќ.

## Подготовките за војна во 1998-ма

Постоеше еден проблем. Сите членки на НАТО беа потписнички на Повелбата на ООН. Таа вели дека не можат да се преземат воени дејствија против некого без одобрение на Советот за безбедност.

Но Советот за безбедност на ОН не го одобри бомбардирањето на НАТО на Југославија. Русија и Кина се членки на Советот за безбедност. Тие не дозволуваа НАТО да се меша во „југословенските внатрешни работи“.

Особено Кинезите беа против. Тие самите го угнетуваат сопственот народ, на пример во Тибет, кој е под кинеска власт. Ако Кинезите речеа „да“ за бомбардирањето на Милошевиќ, тоа би значело дека прифаќаат оти принципот на човековите права е поважен од принципот на немешање.

Тоа би било исто како да се каже „да“ на тоа НАТО исто така да може да ја бомбардира Кина заради кршење на човековите права. Затоа Кинезите рекоа - не.

Русите исто така беа против. Тие сметаа дека Србите не се виновни. Но тие се противеа и затоа што тоа би ја маргинализирало Русија, ако НАТО одеднаш станеше позначаен од ОН. Русија е постојан член на Советот за безбедност на ОН, но не и на воениот пакт НАТО.



*Косовски Албанци во бегство преку планините. Многумина умреа од студ, глад и болести за време на прогонот.*

„Доколку НАТО бомбардира тоа ќе значи распад на ОН“, се согласија Русите и Кинезите.

## Само еден мал превид...

Како и да е, посредниците на НАТО извршија притисок врз Милошевиќ. Тој ги повлече своите сили од Косово во ноември 1998 година. Бегалците почнаа да се враќаат во своите домови. Невооружени набљудувачи од Запад беа пратени на Косово за да внимаваат да не се случуваат нови насилства врз Албанците.

Земјите на НАТО направија само еден превид. Кога САД го седнаа Милошевиќ на преговарачката маса, заборавија да го сторат истото и со ОВК. Така што ОВК не беше обврзана со ниеден договор дека не смее да се врати во областите кои силите на Милошевиќ ги напуштија. ОВК никому немаше ветено ништо.

Во периодот од декември 1998 до јануари 1999 година повторно избија остри судири меѓу ОВК и српско-југословенските сили. ОВК навлезе на територијата што беше испразнета од Србите. Не помина многу време и Србите се вратија.




*Косовското прашање беше повод за конфронтација меѓу големите сили во Советот за безбедност. Дали треба да се меша во внатрешните работи на една земја, кога во неа се кршат човековите права?*

На 16 јануари 1999 година беа откриени телата на 45 убиени Албанци жители на косовското село Рачак. Тоа беше масакр извршен од српската милиција. Народот почна повторно да бега.

САД свикаа итна седница на НАТО. Тие бараа поцврста линија кон Милошевиќ и решение за косовскиот проблем. Веднаш!

Косово треба повторно да добие автономија, но да остане под Србија. Српските воени единици треба да си заминат од Косово. Во спротивно ќе се бомбардира Белград. Останатите земји членки на НАТО се согласија со американскиот план.

## Мировни преговори

Српската делегација и претставниците на косовските Албанци се сретнаа во местото Рамбује, блиску до Париз, на 6 февруари 1999. Се преговараше 17 дена. Без резултат. Србите се согласија со планот. Косовските Албанци рекоа не, тие бараа потполно самостојно Косово.

На новата рунда преговори во Париз, која започна на 15 март 1999, се направи уште еден обид за изнаоѓање мировно решение. Сега Србите рекоа - не. Ново беше барањето на САД за стационирање на НАТО-трупи на Косово.

*Телата на масакриранитe во косовското село Рачак беа положени во селската џамија. Масакрот ги натера САД да побараат конечно решение за косовскиот проблем.*



Тоа барање беше така формулирано што однапред се знаеше дека Србите ќе речат - „не“, смета Хокан Виберг.

Милошевиќ одбиваше да се повлече, и покрај заканите на НАТО со бомбардирање. Тој не сакаше во неговата земја да дозволи инвазија на странски трупи.

Запад не сакаше да ја прифати грубоста и агресивното однесување на Србите кон Албанците.

Токму поради тоа, на 24 март 1999, НАТО ги исфрли првите бомби врз Белград и Косово. Полетаа и данските авиони. Ова беше првпат по 1864 година, Данска активно да се вклучи во некое воено дејствие.

Кога започна војната, сите странци беа протерани од Косово Исто се случи и со хуманитарните организации.

НАТО сметаше дека Милошевиќ ќе биде совладан за неколку дена. Меѓутоа поминаат повеќе од два месеци пред Милошевиќ да се предаде и НАТО да го сопре бомбардирањето.

За тоа време околу еден милион косовски Албанци се дадоа во бегство. И целиот Балкан, сиромашниот југоисточен крај на Европа, стана уште посиромашен.

*Слика Рамбује, Франција, февруари 1999 година: Американците со државниот секретар Медлин Олбрајт и посредникот Кристофер Хил седат на масата во Рамбује. Преговорите завршија по 17 дена. Без резултат.*



# II. ДЕЛ ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ И ВОЈНАТА

## ДЕСЕТТЕ ПРАВИЛА НА ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ

Десетте „заповеди“ на хуманитарната помош се напишани во 1994 година од приватните меѓународни хуманитарни организации за подобрување во спроведувањето на хуманитарната помош.

1. **Најзначајниот принцип за секоја помош при катастрофална ситуација е *хуманитарниот императив*.** Човечки принцип. Тоа значи дека сите кои имаат потреба за помош имаат право да добијат помош, и сите имаат право истата да ја дадат.
2. **Помошта треба да им се даде на сите кои имаат потреба, без огледа на националноста, расата, верата или убедувањата.** Хуманитарната помош не смее да се диференцира по ниедна основа. Ниту по полова припадност. Делењето на хуманитарната помош треба да се врши според тоа кому му е најпотребна. Помошта треба да се дава по темелно испитување на потребите и на локалните сили кои можат да помогнат во распределбата на помошта. Сечиј живот е еднакво вреден. Затоа помошта ќе се испрати онаму каде што е најпотребна.
3. **Помошта не смее да се дава според однапред определени политички или религиозни интереси.** Иако самите хуманитарни организации го задржуваат правото да го изнесат сопственото мислење и да стојат зад сопствените одлуки, никогаш не смеат да даваат помош според однапред определени политички или религиозни мотиви. Независноста мора да се гарантира.
4. **Хуманитарните организации не смеат да се однесуваат како продолжена рака на нивните влади.** Тие не смеат никогаш да бидат шпиони на владата, односно, да испраќаат тајни извештаи за економските, политичките или воените прилики во земјата во која даваат хуманитарна помош. Хуманитарните организации мораат да се трудат финансиски да не зависат исклучиво од своите влади.
5. **Хуманитарните работници треба да ја почитуваат културата и законите на заедниците со кои работат.**
6. **Хуманитарната организација треба да се потпира на локалните сили.** Сите заедници имаат сопствени ресурси и сили, дури и во катастрофални ситуации. Доколку се и слаби, тие треба да се поддржат. Тие можат да користат локални производства, да го ангажираат локалното население и да дејствуваат локално.
7. **Тие што ја добиваат хуманитарната помош треба да бидат во состојба што подобро сами да раководат со неа.** Хуманитарната организација не може постојано да им стои над глава на луѓето. Помошта во акутните катастрофи или подолготрајната помош за обнова е поефикасна доколку жртвите на катастрофата се самите способни да ја планираат и спроведуваат програмата за хуманитарна помош.
8. **Хуманитарната организација треба да ги подготви луѓето за полесно поднесување при евентуални идни катастрофи.** Секоја акција на пружање помош има долготрајно влијание - добро или лошо. Лошо е кога помошта со години им се дели на оние кои се пасивни во нејзиното примање. Помошта треба да придонесе на подолгорочен план да ги зајакне оние што ја примаат.
9. **Хуманитарните организации треба да поднесуваат сметка за својата работа.** И оние што сакаат да помагаат, и тие кои ја добиваат помошта мораат да имаат доверба во хуманитарната работа. Организациите мораат постојано да проверуваат дали помошта стигнува таму каде што е упатена и да се проверува како таа се одвива. Програмите за помош мораат да бидат професионални и висококвалитетни, за да нема можност за злоупотреба на парите или изворите.
10. **Кога зборува за својата работа, хуманитарната организација мора да ги почитува хуманите вредности на жртвите.** Не смее да се прикажува дека некој е за жалење. Значајно е да се покаже дека кога некому ќе се подаде рака и ќе му се пружи шанса, тој потоа може сам. Кога организациите соработуваат со медиумите, заради привлекување на вниманието на јавноста, не смеат никогаш да молат за поддршка од внатре или од надвор, затоа што за организацијата е позначајно да изгледа дека самата ја изведува хуманитарната работа на што подобар можен начин. Не смее да се конкурира еден на друг доколку се оди, на пример, на телевизија, затоа што тоа ќе наштети на хуманитарната помош или ќе биде опасно за хуманитарните работници или за бегалците.

Потписници, меѓу другите, се Меѓународниот црвен крст и АЦТ (Акција на црквите заедно), Меѓународната црковна помош, а во нејзини рамки и Данската црковна помош.



# ДИЛЕМИТЕ НА ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ

*Првата заповед*

**Сите имаат право да помагаат**

Првата заповед на хуманитарните организации вели дека сите имаат право на помош кога се во нужда и дека секој има право да даде помош. Но, не е секогаш едноставно да се дојде до оние кои имаат потреба од помош, како што не е доволно тоа да се обезбеди помошта. Кон крајот на март 1999 годинас претставникот на Данската црковна помош Поул Сване се најде на границата меѓу Македонија и Косово. Тогаш таму се наоѓаа првите 60.000 косовски Албанци, кои трупите на Милошевиќ ги протераа, а некои од нив беа стигнати по неколкудневно пешачење преку планините.

*„Тоа е најлошото нешто што сум го видел: Во една рамнина седеа 60.000 исцрпени, прегладнети луѓе и чекаа дозвола да влезат внатре. Тие седеа во својот измет и во калта, без храна и лекарска помош. Некои со себе имаа понесено храна, која веќе беше расипана. Таа едноставно требаше да се исфрли. Смрдеата беше неопислива“, вели Сване.*

*„Зад ридот - во Македонија, 1.500 новинари од целиот свет очекуваа да го добијат најдобриот извештај. Подолу стоеше едно море од хуманитарни организации од целиот свет, не можејќи да им помогнат на бегалците.“*

*„Едни од ретките кои добија дозвола да отидат до нив, беа нашите соработници од МЦМС, Македонскиот центар за меѓународна соработка, кои и самите се Македонци. Кога добија дозвола, ние некако се отгрнавме од гужвата и купивме 5.000 литри сокови и 10.000 векни леб, а Ел Хилал обезбеди неколку трактори со приколки.“*

*„Не можеш да молиш 60.000 луѓе да застанат во редица, кога тие едвам стојат на нозе. Некои фактички беа на умирање. Тогаш МЦМС и Ел Хилал влегуваа и излегуваа со тракторите меѓу бегалците и им делеа храна. Се плашевме дека бегалците ќе се степаат меѓу себе за храната. Тоа не се случи, затоа што никој немаше сили за тоа“,* вели Поул Сване.

## Хуманитарни организации

- Постојат државни и приватни хуманитарни организации.
- Државни хуманитарни организации можат да се формираат од една, или од повеќе влади заедно. Таков пример е УНХЦР, бегалската организиација на ОН. Или УНИЦЕФ, организацијата за деца на ОН.
- Приватните организации се нарекуваат НВО, што значи невладина организација. Данската црковна помош е НВО, како и Save the Children (Помош за децата), Care („Грижа“) и сл. Кога невладините организации од неколку земји работат заедно, тогаш се нарекуваат меѓународна НВО, таков е примерот со АЦТ, Action by Churches Together, која е црковна хуманитарна организација. Нејзина членка е Folkekirkens Nødhjælp.
- Меѓународниот црвен крст има посебен мандат во воени околности, на пример во Косово. Земјите се должни да му дозволат на Црвениот крст пристап до воените заробеници, како и до цивилите кои се во неволја, на двете страни на линијата на фронтот.

## Косовските Албанци во бегство

**Податоци за мај 1999, кога конфликтот кулминираше**

| | |
|---|---|
| Албанија | околу 500.000 бегалци |
| Македонија | околу 220.000 бегалци |
| Црна Гора | околу 50.000 бегалци |
| Внатре во Косово | околу 100.000 бегалци |
| Низ Европа | околу 50.000 бегалци |

## Што е добра хуманитарна помош?

Речиси од ден на ден меѓународната заедница се соочува со најголемата катастрофа во Европа по Втората светска војна.

Катастрофата во Десетте заповеди на хуманитарната помош се дефинира како случај што однел *мноштво човечки животи, предизвикала големи човечки страдања и причинила големи материјални штети*.

*Шестата заповед*

### Користи ги локалните партнери

Шестата заповед на хуманитарните организации вели дека секогаш треба да се бара потпора од локалните сили. Данската црковна помош секогаш работи преку локалните партнери кога треба да се дели помошта. Партнер соработник може да биде локална црковна организација, или невладина организација (НВ**О**).

Така беше и при косовската катастрофа.

При делењето на помош за бегалците во Албанија, Данската црковна помош соработуваше со „Диакониа Агапес“, мала хуманитарна организација на Албанската православна црква

Во Македонија партнер за соработка беше Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), една организација -“чадор“ за меѓународна соработка. Во Црна Гора тоа беше една мала српска црковна православна организација. Во Косово партнер-соработник беа сајбер-свештеникот Сава и неговите манастирски браќа.

## Не е секогаш лесно

Понекогаш може да биде многу тешко да се работи заедно со локалните партнери. Би било многу полесно само да се влезе внатре со некаква помош, да се исфрли од воздух или слично.

Но тоа не би било добра хуманитарна помош.

Не се знае кој ја добил помошта. Дали ја добиле оние на кои најмногу им е потребна. Исто така не ќе се знае дали е дадено она што е најпотребно. Затоа е неопходно да се соработува со локалните сили, кои ја познаваат ситуацијата на теренот.

Тоа е предност на хуманитарните организации. Тие пружаат подобра помош кога добиваат добри совети од оние кои знаат за што станува збор. Тоа е добро за оние на кои им е потребна помошта.

Кога ќе се случи следната катастрофа, жртвите од претходната катастрофа не смее да се заборавот. Тука се локалните, кои остануваат и можат да ја продолжат работата.

## Помагај локално

Транспортот често чини многу повеќе отколку што е вредноста на самата помош. Затоа е навистина добра идеја колку што е можно повеќе да се купува локално. Се добива повеќе за парите, а тоа е двојно корисно за областа. Се поттикнува производството и работата кај локалното население од кое се купуваат работите, а истовремено се помагаат и бегалците.

Може да се создадат проблеми кога ќе им се помага на бегалците, но притоа не и на локалното население. Затоа мора да се води сметка и локалното население да има добивка од хуманитарната акција.

Еве еден пример од Македонија:

Во селото претходно имаше малку вода. Кога бегалците требаше да добијат вода од истиот водовод, неа ја имаше премалку.

Селаните беа лути. Не сакаа да примат бегалци. Решението беше - изведено набрзина - да се изгради водовод, кој ќе биде толку силен, за да има доволно вода за сите. Сега и локалното население имаше корист од доаѓањето на бегалците.

### Колку чини хуманитарната помош

- 1 тон протеински бисквити чини 8000 круни.* (1.000 евра)
- 1 тон бебешка кашеста храна чини 6000 круни.** (800 евра)
- 150 семејни шатори за по 8 лица чинат 170.000 круни (22.000 евра)
- Изградбата на еден бегалски камп за 8000 лица чини околу 15 милиони круни (2.000,000 евра)
- Неговото одржување чини околу 3 милиони круни (390.000 евра) месечно.
- Животните намирници за едно лице, месечно: околу 450 круни (60 евра)

* Еден бисквит не чини многу, може лесно да се носи, а едно возрасно лице може да преживее со 6-7 бисквити дневно.
** Жените во шок не можат да ги дојат своите деца. Тие едноставно немаат млеко.



### Цената на транспортот

- Превозот со авион на 1 тон пратка чини 7.500 круни (1.000 евра)
- Превозот со камион за 1 тон чини 1.500 круни (200 евра)
- Авионскиот транспорт на 40 тони за Балканот чини 300.000 круни (38.000 евра) Следуваат давачките за превоз од аеродромот до кампoвите или до местата каде што треба да се подели помош за семејствата кои згрижиле бегалци
- Транспортот за еден железнички вагон, со околу 23 тони, до Балканот чини 35.000 круни (4.500 евра)

*Бегалците од Косово пристигнуваа во Албанија и Македонија - во многу случаи смртта настапуваше поради исцрпеноста од недостатокот на храна и вода.*

## Македонија

- Македонија, која порано беше дел од Југославија, се осамостои во 1991 година.
- Државата има површина од 25.137 км2.
- Има 2,1 милиони жители
- 64,5 отсто се Македонци
- 22,5 отсто се Албанци
- Останатиот дел го сочинуваат други малцинства - Роми, Турци, Срби, Власи, Бошњаци и други.

*Еден од најголемите проблеми беше да се обезбеди брз превоз за бегалците од границата. Многумина сакаа што е можно побргу да се вратат назад во своите домови.*

# ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА

## МЦМС тргна прв

Првите бегалци во Македонија дојдоа пред да започне воздушната кампања. За време на борбите меѓу ОВК и Србите. МЦМС, меѓу другите, беше организација која иницираше акција!

МЦМС - Македонскиот центар за меѓународна соработка е најголема невладини организации во Македонија. 13 помали невладини организации работеа во координација со МЦМС.

МЦМС се потруди првите 40.000 бегалци да бидат сместени во приватни куќи. Околу 70 отсто од нив, беа сместени во главниот град на Македонија, Скопје. Останатите отидоа во други места во внатрешноста. Она што МЦМС не можеше сам да го направи беше да обезбеди пари за семејствата кои згрижија бегалци.

МЦМС ги замоли своите странски партнери да им помогнат на тие семејства. Во средината на април МЦМС за тие семејства подели помош во вредност од 2,25 милиони круни ( 300.000 евра) од Данската црковна помош.



Македонската влада не ги сакаше косовските бегалци во својата земја.

Таа се плашеше дека големиот број бегалци ќе ја наруши постоечката кревка етничка рамнотежа меѓу Албанците и Македонците. Тука беше МЦМС да најде решение на проблемот.

Но, Македонците беа уплашени кога видоа како екстра 40.000 Албанци, толку лесно беа „приватно опфатени“ од македонските Албанци. Смислуваа ли тие нешто? Да ја урнат Македонија и да создадат Голема Албанија, можеби?

## Не, благодарам!

И Кристијан Балслев - Олесен, генералниот секретар на Данската црковна помош, беше во Македонија на 29-ти март. Тогаш немаше незгрижени бегалци. МЦМС се имаше погрижено за нив. Но, луѓето во МЦМС беа сигурни дека многумина други се на пат.

„Не доаѓа ниеден!“ рече владата. Како да мислеше дека со избегнување на соочувањето со проблемот тој ќе исчезне сам по себе.

На 1 април веќе не можеше да се одрекува дека доаѓаат нови бегалци, затоа што 60.000 луѓе чекаа на границата за да влезат во земјата. Македонските власти рекоа дека можат да прифатат "само" 20.000.

### Домаќин на 48 гости

Едно од семејствата што згрижи бегалци е семејството Самакова. Самото тоа е шестчлено семејство. Во април 1999, во нивната куќа во Скопје живееја вкупно 54 лица. Таткото е градежен работник и семејството нема баш многу средства за живот. Сега за толку многу деца и возрасни требаше да се обезбеди, меѓу другото, храна, млеко, тоалетна хартија... Секој ден. Со една месечна плата!

*И покрај тоа што бегалците се наоѓаа во очајна ситуација, многу Македонци во 1999 година беа повеќе загрижени да не се пореметри рамнотежата меѓу етничките групи во земјата.*



Веќе во мај, во Македонија имаше 220.000 бегалци. Повеќето беа сместени во девет преполнети таканаречени „транзитни кампови“. Намерата беше камповите да бидат привремени. Македонската влада не сакаше бегалците да останат во Македонија.

Министерот за развој Поул Ниелсон и Кристијан Балслев-Олесен на почетокот на април беа заедно во Скопје, главниот град на Македонија, со цел да понудат Данска да ја преземе грижата за еден од поголемите кампови.

Истото го направија и невладините организации и владите на други држави. Но македонската влада им рече „не благодарам“ на сите странски понуди за преземање и подобрување на камповите!

Едно да-благодарам ќе значеше да се прифати дека бегалците можат и натаму да останат. А тоа македонската влада *не сакаше* да го прифати.

*Критијан Балслев-Олесен, генералниот секретар на Данската црковна помош, разговара со бегалците во Македонија.*



## Опасност од експлозија

„ Од ден на ден можевме да забележиме дека напнатоста меѓу македонските Албанци и Македонците од ден на ден сѐ повеќе расте“, вели Поул Сване, во тоа време раководител на Данската црковна помош во Македонија.

Луѓето од МЦМС мораа да работат на два фронта. Дел од нив се трудеа да ги смират страстите во Македонија. Дел им помагаа на бегалците. Тие напуштија се што до тогаш работеа за да можат да работат со бегалците. Посебно Ел Хилал, агенција на Исламската верска заедница и членка на МЦМС, вршеше огромна работа за бегалците сместени во камповите. Но, ситуацијата стануваше се понапната.

## Помогнете ни - запрете ја војната

На почетокот на мај стигна очајнички апел од *Сашо Клековски*, лидерот на МЦМС, до Данската црковна помош во Копенхаген. Тој напиша: „Македонија е пред распаѓање: економски, политички и етнички. Како поради големиот број бегалци, така и поради војната, која го растури единството. Иста е ситуацијата и во остатокот од Балканот: Соседните земји, како Романија и Бугарија губат меѓу 50 и 60 милиони долари неделно, затоа што течението на Дунав е блокирано поради бомбардирањето на мостовите на оваа река. Другите транспортни правци се затворени.

Опстанокот на целиот регион е загрозен. Постои опасност војната да се прошири и во Македонија, Албанија и Црна Гора. Помогнете ни! Замолете ги вашите министри за надворешни работи да извршат притисок врз НАТО да го запре бомбардирањето!“ напиша Клековски.

На 6-ти мај Данската црковна помош упати апел до министерот за надворешни работи Нилс Хелвег Петерсен да работи на престанокот на бомбардирањата. Делумно и поради причините што Клековски ги наведе. А делумно и поради тоа што никој не можеше да им пружи помош на бегалците, кои и натаму беа внатре во Косово, додека НАТО бомбардираше.

„Ти се обраќаме тебе, затоа што денес немаме можност да им помогнеме на стотиците илјади жртви на војната, кои и натаму се наоѓаат во Косово. Имаме информации дека освен страдањата што ги предизвика етничкото чистење, според извештаите на нашите хуманитарни работници, во многу делови на Косово се заканува и глад“, се вели во писмото упатено до министерот за надворешни работи.

Меѓутоа, данската влада во овој случај избра да биде потполно лојална на САД. Министерот за надворешни работи Нилс Хелвег Петерсен одговори со писмо на 12-ти мај 1999: „Евентуален престанокот на НАТО-нападите, сега, без некакви попуштања од страна на претседателот Милошевиќ, нема никаков резон“.



*Многумина од бегалците се обидуваа да фатат автобус кој ќе ги однесе во Западна Европа. Најголемиот дел од бегалците се засолнија во сиромашните соседни земји Македонија и Албанија.*



# ХУМАНИТАРНАТА ПОМОШ ВО АЛБАНИЈА

## Презентирање на еден партнер

Во Албанија сите религии беа забранети во 1967 година. Во тоа време околу половина од Албанците беа муслимани, 20 отсто католици и 30 отсто беа православни.

Кога падна Берлинскиот ѕид забраната беше укината. Но религијата беше забранета толку многу години што луѓето веќе не знаеја што навистина се. Но, се разбира дека имаше некои кои тоа го знаеја.

На православните христијани им беше „испратен“ еден грчки свештеник, Анастасиос. Тој сега требаше да биде архиепископ на албанската православна црква и да се обиде од она малку што останало, да го поврати свештенството.

„Архиепископот и неговите луѓе решија дека треба да ги насочат силите во два правци: првиот, *социјална работа* и помош за најсиромашните. Таа работа се одвиваше во рамките на црковната хуманитарна организација која се вика „*Диакониа Агапес*“.

**Албанија**
Површина: 29.000 км2
Население: 3,2 милиони

Другиот правец на делување беше создавањето на еден вид „хуманитарни свештеници“,“ вели Јорген Томсен, европски соработник на Данската црковна помош, кој работеше заедно со албанската православна црква од почетокот во 1991-ва година.

## На копање!

Свештеници во Албанија речиси и нема, така што е многу тешко да се подигне свештенство. Архиепископот одлучи набрзина да преземе нешто, како што е учењето на црковните песни, што е мошне значајно за православната црква, а освен тоа наоѓаше време и по малку да ја проповеда Библијата.

Подолгорочно се планираше се изградат вистински свештеници. За таа цел, архиепископот изнајми еден пропаднат хотел и го отвори својот семинар за свештеници и неделни предавања.

„Кога бегалците дојдоа од преку границата, архиепископот Анастасиос ги прекина дотогашните активности. За нив веќе немаше време. Тој го затвори семинарот и ги испрати студентите да копаат канали во бегалските кампови“, вели Јорген Томсен.

Но само педесетина студенти - копачи и малата канцеларија на „Диакониа Агапес“ не можеа ништо да направа ако се има во вид дека стотиците илјади луѓе беа на пат кон Албанија. Некои од бегалците имаа свои блиски, кои можеа да ги згрижат. Но, остануваа уште 200.000 други. Што со нив?

*ОН имаше проблеми со пари, така што НАТО во април и мај 199, прв организираше кампови за косовските бегалци. Хуманитарните организации реагираа, напоменувајќи дека „бегалците се избркани од војници. Тие не можат и да бидат прифатени од војници“, како што го објасни тоа генералниот секретар на Данската црковна помош.*





*Слика Хеликоптер на НАТО слетува покрај бегалски камп во Северна Албанија.*

## ОН на работ на пропаста

УНХЦР, бегалската организација на ОН, во тоа време имаше само еден свој соработник во Северна Албанија. Тој не беше во можност да направи било што. Бегалците беа регистрирани и распоредувани во камповите, кои не беа изградени.

Кога УНХЦР конечно испрати луѓе на местото, организацијата доживеа колапс! Додека во разни земји во ЕУ политичарите даваа ветувања за масовен дотур на хуманитарна помош. Но, самата хуманитарна помош доцнеше. Во сите градови имаше потреба од работна сила, а одделот на ЕУ за помош, ЕКО, немаше дозвола да плати повеќе од 15 милиони круни (2.000,000 евра) пред да ги замолат земјите членки на ЕУ за дозвола да се префрлаат пари од други сметки.

Данска има многу куса и едноставна процедура за исплата на средства за помош при катастрофи, но гледано во меѓународни размери тоа претставува вистинска реткост, а особено кога се потребни големи суми пари, како во случајот со Косово.

УНХЦР остана без пари и почна да го повикува народот да се враќа назад во своите домови. НАТО се обиде брзо да го реши проблемот со

изградбата на камп за првите 100.000 бегалци, кои дојдоа во Албанија на почетокот на април.

Но тоа беше во директна спротивност со сите правила на меѓународната хуманитарна помош. Бегалците треба да се помагаат од цивилни организации. Сепак не можеше да не се скрие задоволството од таквиот ангажман на НАТО.

„Неблагодарно би било да не се оддаде признание на НАТО, кој имаше и луѓе и средствата и за кратко време изгради неколку кампови во Албанија „ вели лидерот на Данската црковна помош Кристијан Бласлев-Олесен.

„НАТО исто така ги изгради и неопходните патишта, така што пратките хуманитарна помош можеа да пристигнат на одредените места. Никој друг не би можел да го направи тоа. Ниедна хуманитарна организација нема на располагање 500 луѓе, на кои ќе може да им командува да изградат патишта - или итно да донесат булдожери“.

„Но една воена организација како што е НАТО, не треба да седи на границата, кога се работи за меѓународна хуманитарна помош. Бегалците се избркани од војници. Тие не треба и да бидат прифатени од војници“.

„Организацијата за бегалци на Обединетите нации, УНХЦР, е таа која треба да ја раководи хуманитарната помош. Не е добро тоа што таа не ја доби поддршката од западните влади, како што НАТО ја доби“, вели Кристијан Балслев-Олесен.

За време на војната секој проектил Томахавк што НАТО го испука, чинеше по 1,2 милиони долари. Секој ден од воздушната кампања што се спроведе, чинеше нови 42 милиони долари. УНХЦР за половина година искористи вкупно 266 милиони долари екстра средства наменети за косовската криза - што е еднакво на 6-7 дена од воздушните напади.

## Како да не наштетиме?

На 9 април 1999 година се состанаа шефовите на организациите, кои стојат зад АЦТ (Акција на црквите заедно), во Женева. Од Данска учествуваше генералниот секретар Кристијан Балслев-Олесен.

„Дилемата е како да ги исполниме енормните барања на бегалците сега и тука, а истовремено да не им наштетиме на Диакониа Агапес и архиепископот Анастасиос? Тие едноставно не беа дораснати за една операција од вакви размери. Како можеме да ја запазиме нашата определба да работиме заедно со локалните партнери, кога тие немаат доволно сила?“

Решението беше во една конструкција, за која Диакониа Агапес се грижеше при хуманитарната работа. АЦТ одреди тројца соработници со цел секој од нив да преземе по една област од хуманитарната работа како поддршка за Диакониа Агапес. Еден од нив беше Поул Сване.

„Повеќе од половината од 500-те илјади бегалци, кои ги прифати Албанија, беа приватно сместени. Затоа голем зафат во хуманитарната работа беше да се помогнат со храна, облека и средства за хигиена семејствата кои згрижија бегалци „ вели Поул Сване.

?

### *За дискусија:*

*До каде оди границата? Дали е во ред да се замешаш во нечиј живот? Дали е во ред заедницата да се меша во животот на твоето или на некое друго семејство? Колку е во ред другите држави или организации да се мешаат во внатрешните работи на некоја друга земја? Кој принцип треба да се постави на прво место: Човековите права или принципот на суверенитетот (кој значи дека другите држави не можат да се мешаат во внатрешните работи на една држава)*

### *Дилема:*

*НАТО донесува една одлука, но не добива целосна поддршка од ОН. Тоа значи дека не постои одлука на ОН. Дали мислиш дека НАТО може да преземе акција против некоја земја (како што е бомбардирањето на Србија) без согласност од ОН - или мислиш дека секогаш треба да се почитуваат ОН.*



*Посебен проблем во Албанија претставуваше изнаоѓањето на области што ќе одговараат за подигање бегалски кампови. Бирократијата, која бараше мито и поставуваше несфатливи барања за да им дозволи на превозниците да ја доставаат помошта, натера многумина бегалци да се вратат дома во јуни 1999, така што веќе немаше потреба за кампови.*

Тој исто така раскажува дека Албанците сметаат оти косовските Албанци се склони кон поголем луксуз. Албанија е најсиромашната европска земја. Толку сиромашна што нормалната секојдневица на косовските Албанци во нивните домови во Косово за албанските Албанци претставува вистински луксуз.

Сиромаштијата е релативен поим.

## Имаме доволно тука...

Семејството се состоеше од 34 члена, кога вооружени лица ги истераа од нивната куќа на Косово и им ги одзедоа документите. НАДВОР!

А надвор значеше преку границата, во Албанија. Патот минуваше низ еден пекол од маки, брутални граничари во лов по последните сочувани пари - а во далечината ги чекаше студениот пролетен дожд заедно со илјадници други бегалци кои очекуваат да бидат сместени некаде. Каде било.

Среде таа турканица и хаос најде семејството едно тажно, расплакано, две-тригодишно девојче. Без родители или други роднини. По неколку мигови тие од 34 тие станаа 35 души.

Снаата веќе имаше четири деца. Сега доби и петто. Постарите деца беа љубезни со малото девојче. Тие добро разбираа дека таа е таа што треба ноЌта да спие до "мајка си".

Девојченцето се припило до својата нова мајка и не се дели од неа, како да се плаши дека и таа може да ја напушти.
Кога новинарот на агенцијата Асошиетед Прес запраша како го зедоа девојчето, не можеше да им поверува на своите уши:
- Ние имаме толку многу да и дадеме, објасни еден член на семејството. Сите 35 лица беа сместени во една соба од само 25 квадратни метри и само со облеката што ја имаа на себе.
- Што???
- Тука! Рече снашката и ја положи раката на своите гради.

## Почит за културата и обичаите?

Неверојатно импозантно е тоа дека пресиромашната Албанија - без да трепне - прифати половина милион бегалци. Би рекле дека Албанија има една култура и обичаи за кои треба *вистински* напор за да се почитуваат.

Албанија, како и Југославија, беше комунистичка земја по Втората светска војна, со партизанскиот херој Енвер Хоџа како државен лидер. Но, додека Југославија не дозволи да биде диригирана од Советскиот Сојуз, Албанија стануваше се повеќе и повеќе сталинистичка. Дури и по смррта на Сталин, кога Русите самите почнаа да го напуштаат тој цврст пат.

Албанија не сакаше да има ништо со Западот. Во 1947, станаа непријатели и со Југославија, со која инаку дотогаш тесно соработуваа. Во 1960, Албанија раскина и со Русија затоа што таа во тој спор застана на страната на Кинезите (по еден руско-кинески спор). Во 1977, по смртта на Мао, Албанија го раскинаа пријателството и со Кина. Оттогаш Албанија одржуваше контакти само со Куба и со Северна Кореја, кои исто така беа комунистички. Земјата беше целосно изолирана од останатиот свет.

Внатре во државата работите исто така се одвиваа лошо. Во 1948 година започна *насилната колективизација* на земјиштето. Државата им ја одзеде земјата на сопствениците. Кон средината на 60-тите целата земја беше во државни раце. Религијата беше забранета во 1967. Приватните возила беа забранети. Туризмот беше забранет. Земјата стануваше се посиромашна. Најсиромашната земја во Европа.

Со падот на Берлинскиот ѕид  падна и комунистичкиот режим во Албанија. Но само на прв поглед. Сталинистичката бирократија и корупцијата беа премногу навлезени во културата и обичаите на земјата. Не беше доволна само една промена како што е падот на Берлинскиот ѕид.

Тоа го научија меѓународните хуманитарни организации кога дојдоа во Албанија за да помогнат при приемот на огромниот број косовски бегалци.

## Документација

Кога камионите со помош пристигнуваа на царина, се задржуваа со денови, макар и еден дел во документите да биде погрешен. Некои беа принудени да се откажат од внесувањето на помошта, која беше толку многу потребна. Еден добар албански бирократ е мошне заинтересиран за тоа дали сите хартии се во ред.

**Дилема:**

*Знаеш дека долгорочно е најдобро да работиш со локалните сили во едно подрачје погодено од катастрофа. Но тоа оди мошне бавно. Гледаш дека е премногу бавно. Добиваш понуда за заобиколен пат, преку друга, меѓународна организација, а на тој начин хуманитарната помош ќе пристигне многу побрзо до оние на кои им е потребна. Кој пат ќе го одбереш?*

## ? За дискусија:

*Колку може да се одолговлекува, ако локалната култура е корумпирана или сака да извлече корист за себе за да дозволи помошта да помине?*

*Што ако народот умира додека помошта не може да мине?*

## Дилема:

*Одиш со камион полн со прехрамбени артикли. Знаеш дека два километри подалеку маса луѓе гладуваат. Тие зависат од помошта што ти ја носиш. Побарани ти се пари за да можеш да поминеш - а ти имаш доволно пари со себе.*

*Ќе го платиш ли митото за да поминеш побргу со помошта, со што ќе го прекршиш пинципот за избегнување на корупцијата - или ќе чекаш за да не го нарушиш принципот?*

Уште пострашен беше проблемот со земјиштето, односно пронаоѓањето на каде што би се изградиле бегалските кампови. Нормално би било хуманитарните организации да склучат договор со сопственикот на земјиштето, пред да започне изградбата на кампот.
Во Албанија тое не е едноставна работа. Во некои области никој не знае кој што поседува. А и кога сопственоста е позната, треба да се добијат дозволи од четири (4!) различни управи, пред да се склучи договорт со земјопоседникот.

„Јавните институции не влечат за нос", кажува отворено Поул Сване.

### Три милиони златни дукати

Тоа значи дека се троши многу, многу време за да се најдат сопствениците на плацевите за кампови и да се средат потребните договори. Тоа резултираше со тоа, речиси две третини од косовските бегалци да бидат приватно сместени. Голем дел од хуманитарната помош поради тоа требаше да се подели на семејствата кои згрижија бегалци.

Некои Албанци почнаа одеднаш да бараат пари и измислуваа начини за да докажат дека ја поседуваат земјата која хуманитарните организации ја нашле за градење камп. Тие бараа сосема налудничави суми... три милиони златни дукати ... за кампот, и покрај тоа што не можеа да докажат дека земјата е нивна.

Имаше службеници кои бараа мито за да помогнат во обезбедувањето на неопходните договори за градење на државно земјиште. Некои хуманитарни работници доживеаја да им бидат украдени автомобилите, мобилните телефони и компјутерите од вооружени гангстерски групи. Тоа се истите оние луѓе кои сакаа да заработат три милиони златници.

„Јас исто така доживеав да се соочам со еден револвер. На извесен начин, за тоа не вреди да се зборува. Албанците се навикнати да носат оружје за да опстанат. Но, нашата политика беше таква што со плаќањето на мито на каса бр. 1, едноставно го избегнуваме тоа", вели Поул Сване.

Луѓето од АЦТ и од Диакониа Агапес сепак успеаја да изградат еден камп во Ндрок, во Северна Албанија, каде што се сместија 1500 лица. Освен тоа, пред да заврши војната,останатите најдоа уште 4-5 плацеви на југ со познати сопственици, во кои се сместија 35 илјади луѓе.



*Мевљуде Рамадани, 16, и нејзината сестра Таибе, 14, пред нивниот шатор во кампот на АЦТ во Ндроќ, Северна Албанија, во мај 1999-та. Девојките пристигнаа во Албанија на крајот на април, откако скитале низ Косово цел месец. Беше мошне тешко да се најде храна", раскажува Мевљуде. „Не можевме ниту да купиме нешто, затоа што српската полиција ни ги зеде сите пари што ги имавме".*

# ВРЕМЕ ЗА СРЕДУВАЊЕ НА СМЕТКИТЕ

## Толку многу уништено, а толку малку помош

Се смета дека со бомбардирањата на НАТО во Белград и на Косово е причинета штета во износ меѓу 200 (25 милијарди евра) и 400 (50 милијарди евра) милијарди круни. Освен тоа, направени се и индиректни штети во соседните земји. За пример може да се наведе дека туристите ги откажаа своите патувања и одмори на Балканот.

На една средба во Брисел над 100 држави и меѓународни организации ветија помош за реконструкција на Косово во висина од над 2 милијарди долари.

Србите нема да добијат никаква помош за реконструкција од владите на ЕУ, додека Милошевиќ е на власт. Тоа беше *политички* услов од страна на ЕУ.

Ваквите услови нема и не може да ја запрат работата на хуманитарните организации. Тоа е токму она за што станува збор во Втората заповед. Доколку Србите имаат потреба од помош, тие имаат исто толку право да ја добијат хуманитарната помош. Затоа Данската црковна помош испрати хуманитарни работници кај жртвите на војната во Србија.

*Втората заповед*

### Без оглед на расата, полот, верата и националноста

Втората заповед на хуманитарните организации вели дека хуманитарната помош треба да се дава без оглед на расата, полот, верата и националноста. Звучи познато, нели? Сосема е нормално за нас Данците да помогаме секому. Ние не можеме ниту на сон да му кажеме „не“, на некој кој има потреба за помош.

Или, можеме?

Во пролетта 1999 година, данската лекарка Кирстен Лилоф објави во весникот „Политикен“ статија, во која работите ги претставува на поинаков начин.

Лекарката во своето слободно време студира историја на Универзитет. Таа решила да ја напише својата дисертација за судбината на 200.000 германски бегалци, кои дојдоа во Данска на крајот од Втората светска војна. Лекарката живее во близина на гробиштата, во кои се погребани многу германски бегалци. Многумина од нив биле мали деца. Сега, таа открива како се случило толку многу деца да починат.

Се покажа дека повеќето умреле од прилично банални болести, кои според лекарката лесно можеле да се лекуваат и во 1945 и 1946 година. Но, лекарите не сакале да помогнат, тврди Кирстен Лилоф. Тие одбиле да ги лекуваат малите деца, затоа што биле Германци. Една од причините било и тоа што Германците, претходно, меѓу другите, убиле и дански лекари.



*Свечен фустан и изгорени семејни фотографии лежат на земја пред запалена куќа на Косово. Многумина се вратија за да видат дали можат да ги најдат сеќавањата на нивниот поранешен живот.*

68-годишната Реџина Гаши, косовска Албанка, за време на војната беше во својот стан во градот Пеќ. Нејзините соседи, Срби, и помагаа носејќи и храна.

*„Им го дадов мојот клуч, така што можеа да влегуваат кај мене. Но, војната, болеста и немаштијата ме погодија толку, што не можев воопшто да јадам. Па, така, храната му ја давав на моето куче“.*

Реџина Гаши ја помина војната неповредена. Таа беше посетена од нејзината ќерка во јуни. Тогаш ја замоли ќерката да им рече на војниците на ОВК да престанат да ги палат српските куќи.

Но, војниците ја прашаа нејзината ќерка: *„Зошто твојата мајка им помага на соседите Срби?“*

*„Затоа што и помагале“*, одговори ќерката.

*Деветта заповед*

**Секогаш треба да се мисли на средување на сметките**

Хуманитарните организации мораат секогаш да внимаваат на помошта, кога се во прашање корисниците на помошта, но и оние кои ја даваат, вели деветтата заповед на хуманитарните организации.

Што се однесува до корисниците треба да се води сметка помошта да им се даде. А, што се однесува до оние што ја даваат треба да водат сметка за што се потрошени парите.

Данската црковна помош го издава весникот НОД (во превод: мака, нужда). Тој им се дели бесплатно на сите спонзори и во него се кажува на кој начин се потрошени парите. Оваа книга за Косово е друг пример за тоа како може да се одговара за сопствената работа.

Данската црковна помош исто така користи средства и од Данида, организација на Министерството за развој и од ЕКО, хуманитарна организација на ЕУ. За да добие пари Данската црковна помош требаше да изработи буџет - односно план за тоа како ќе ги искористи парите.

Откако ќе се подели помошта се пишува извештај за тоа како фактички се потрошени парите. На Косово се работеше за повеќе милиони круни. Самата Данска црковна помош доби 54,5 милиони круни (7.000,000 евра) од приватни спонзорства, а освен тоа доби и 25,6 милиони круни (3.300,000 евра) од Данида и 8,2 милиони (1.000,000 евра) од ЕКО. Уверливо најголемиот дел од парите е потрошен за работа со бегалците во Македонија и Албанија, за хуманитарна помош во Србија и Црна Гора и подоцна за реконсструкција и чистење на мините на Косово.

## Погрешни шатори кои станаа вистински

Кампот во Скадар во Албанија е пример за тоа како, и покрај добрата намера, работите можат да тргнат наопаку. Но на крај сепак се може да заврши добро. Настанот се случува во пролетта 1999. Војната кулминира на Косово и секојдневно преку границата, во Албанија пристигнуваа бегалци. Трите дански организации, Данската црковна помош, Данската помош за бегалци и Ред Барнет (помош за децата) решија заедно да изградат еден камп, кој ќе биде доволно голем за сите косовски Албанци кои беа дојдени во северноалбанскиот град Скадар. Кампот требаше да се финансира со пари од данската држава.

Но, не одеше сè онака како што беше планирано. Албанските власти не им даваа дозвола на организациите да го постават кампот. Единственото можно место беше една област која речиси целосно се простира на нерамен терен. Истовремено се покажа дека оние 1000 шатори, кои беа обезбедени по интензивно барање, се високи само метар и половина. Шаторите беа со висок квалитет, не пропуштаа вода, беа цврсти и можеа да послужат за зима. Но беа прениски. А во Албанија летото е многу топло. Кампот сепак се изгради, со сите потребни работи, од двор, преку купатила, до хигиенски артикли. Бегалците во тоа време живееја во една стара фабрика за тутун во Скадар. Таму воздухот е нездрав, беше темно, од прозорците дуваше, беше тесно , а креветите беа стари и разнишани.




И покрај тоа, трите дански организации не успеаја да убедат ниеден бегалец да ја напушти фабриката и да се пресели во кампот.

Тие повеќе сакаа да престојуваат во куќата во градот одошто во ниските шатори во напуштената област, каде што стравуваа дека можат да бидат жртви на разбојничките банди. Скадарскиот камп беше мошне негативно претставен во данскиот печат, така шти данскиот министер за развој Поул Ниелсон дојде да го посети и виде дека во кампот нема бегалци. Одеднаш изгледаше дека трите дански хуманитарни организации ја „изневериле“ довербата.

Меѓутоа приказната има продолжение. Во октомври 1999, Арне Воген од Данскиот меѓународен оддел за помош на бегалците речиси сите шатори ги продаде: „Остатокот им е поделен на луѓето во регионот на Пеќ во Косово, каде што се користат според потребите. На пример, како покриви за руинираните куќи. Мислам дека ни останаа само уште десетина во магацинот“.

## *За дискусија:*

*Дали треба да се биде благодарен за собраниот износ - или треба да се споредува со она што луѓето го трошат за други работи, на пример за игри на среќа? Дали е вистина дека ние „даваме колку што е потребно“? Кога е дадено доволно? Можат ли хуманитарните организации да бараат пари од државата?*

## *Дилема:*

*Имаш банкнота од 100 круни (13 евра) со која си планирал да купиш цигари и да уплатиш лото. На пат до најблискиот киоск наидуваш на повик за собирање помош со сандаче за пари пред него. Банкнотата не можеш да ја раситниш, а киоскот е прилично далеку. Што ќе направиш?*



*За време на телевизиското шоу на 18 април 1999 луѓето чекаа во реда за да дадат прилози за Балканот. Така, вратоврската на ТВ-водителот Оле Стефенсен беше продадена за астрономска сума.*

### Границите на добрата волја?

***„Јиландс постен“, 20-ти април 1999, ден по големата телевизиска акција за прибирање помош за жртвите на војната во Косово:***

Данците имаат добра волја за помагање, но нивната желба за игри е поголема. Својата добра волја тие ја покажаа еднаш.

Оние 80 милиони круни (10.400,000 евра) што беа собрани за помош на жртвите на војната во Косово, соодвествуваат на 16 круни (2 евра) од секој Данец, односно на 7-минутна заработувачка на еден работник во индустријата.

При собирањето прилози за Унгарија во 1956, секој Данец придонесе со по 2 круни (0,26 евра) што беше еднакво на 25-минутна заработувачка на индустриски работник.

Последните три недели Данците потрошија околу четири пати повисока сума од 80-те милиони круни (10.400,000 евра) за лото и други игри на среќа.

Големите организации по неделното ТВ-шоу и по собраните донации за жртвите од војната во Југославија беа многу благодарни најмногу поради големата сума пари што ги собра ТВ-шоуто по телефонски позиви и по пат на донации со парични картички .

Според Галуп над 2,2 милиони луѓе ја проследија целосно или делумно аукцијата на програмите на Данската радиотелевизија и приватниот канал ТВ2.

### Даваме колку што е потребно

***Напис во БТ од 23 април 1999 г.***

Даваме колку што е потребно. Данска го зазема второто место на светот, по Германија, според обемот на економската помош за жртвите на Балканот, кога ќе се пресметаат многуте доброволни прилози и средствата што ги обезбедуваат за добротворни цели политичарите избрани од народот.

Според неофицијалната нордиска топ-листа на донатори на хуманитарна помош, меѓу нордијците како држава конкурираме за првото место, па затоа имаме право малку да се гордееме, иако кога се работи за акутна хуманитарна помош не може да се говори за пари.

На ваков заклучок наведува, меѓу другото, едно истражување на телевизискиот канал Си-Ен-Ен. (...)

Според она што го објави Си-Ен-Ен произлегува дека Швајцарија собрала вкупно 200 мил. круни (26.000,000 евра) а Финците стасале до околу 90 мил. круни (11.700,000 евра) Наспроти ова, повеќето Американци се покажале скромни кога станува збор за помош на жртвите: тие моментално се на сума од само 100 мил. круни (13.000,000 евра)

## Почит

Телевизијата прикажуваше слики на изгладнети, исцрпени бегалци. Некои од сликите беа многу силни. Десеттата заповед на хуманитарните организации вели дека не смее да се искористи страдањето на бегалците за да се добие помош за нив. Но, на телевизија и во печатот беа прикажани слики, какви меѓународните организации за хуманитарна помош никогаш не би искористиле во своите прес-материјали.

Тие силни слики извршија притисок врз многу луѓе, кои дадоа големи парични прилози за косовските бегалци.

## За дискусија:

*Дали е во ред да се прикажуваат слики на луѓе во големи страдања? До каде одат твоите граници? Можеме ли да бидеме поттикнати од тешки слики?*

*Најди неколку примери на реклами на Бенетон, кои прикажуваат мотиви и теми од ситуации на катастрофи и војни. Дали би купиле облека која се рекламира на такви фотографии? Дискутирајте дали е етички да се користат тој тип слики за рекламирање на производи? Дали е етички да се користат за некоја друга цел?*

## Дилема:

*Треба да собереш 2 милиони круни (260.000 евра) за да обезбедиш прва помош за 60.000 луѓе, од кои еден голем дел се болни, а многумина ќе умрат ако итно не добијат помош. За да обезбедиш пари треба да им доставиш на медиумите информации и фотографии - како и писмо до луѓето кои пружале помош во други слични ситуации.*

*Кои фотографии ќе ги одбереш за „привлекување“ на донаторите?*





### *За дискусија:*

*Колку долго треба човек да се труди да ја избегне војната? Што се случува кога човек се одлучува за војна?*

*Може ли војната да биде единственото решение - наведи пример? Можам ли да најдам примери на држави во конфликт, за кои постоела можност да го спречат заострувањето и да изнајдат мирно решение?*

### *Дилема:*

*Кога би имал можност да одлучуваш за или против данското учество во војната против Србија, што би одлучил?*

## Долгорочност

Хуманитарната помош треба да се дава така што оние кои ја примаат нема само да преживеат тука и сега, туку и ќе зајакнат од не, за да не се најдат повторно во истата ситуација.

На Балканот денес осмата заповед конкретно значи дека помошта треба да се дава така да служи за градење на мир и соживот меѓу различните заедници, со цел да се спречи избивањето на нов конфликт.

Затоа, сајбер-свештеникот Сава, од Манастирот во Дечани, Косово, е еден добар пример. Тој направи нешто што ниту еден друг Србин не можеше да го направи. Тој даде помош и истовремено им покажа на косовските Албанци дека сите Срби не се како претседателот Милошевиќ. Тој аспект хуманитарните организации треба цело време да го имаат на ум кога бираат локални партнери или ангажираат локални соработници.

АЦТ, Меѓународната црковна помош, направи план за случај војната да продолжи и да фати зима. Во планините е мошне студено, а зимата започнува веќе во септември. Решението за тој проблем беа „цврстите шатори“, односно 2500 монтажни дрвени куќички. Во секоја таква монтажна куќар можат да престојуваат по 6 лица. Доколку едно семејство има 24 члена, тоа би добило четири такви дрвени куќи.

Намерата е куќите да можат да се склопат и да се расклопат одеднаш. Најважно е што можеа да се натоварат по десет во еден камион. А тогаш човек може да одлучи дали преку зимата ќе остане во шатор во Албанија, или со нив ќе замине во Косово, каде што семејната куќа можеби е „половина метар висока“, како што вели Поул Сване. Тоа е исто далекувида хуманитарна помош.

## Колку е многу?

Во Македонија семејствата што згрижија бегалци повторно можат да се опуштат во своите куќи и станови. Кампoвите се речиси празни. Зад нив остана земја која уште пред доаѓањето на бегалците од другата страна на границата беше длабоко поделена.

Едно истражување на јавното мислење, направено во април 1999, околу тоа дали треба да им се помогне на бегалците, покажа дека одговорите зависат од тоа дали се работи за Македонци или Албанци од Македонија. Во тоа време во Македонија имаше околу 120.000 бегалци.

Девет од десет Македонци одговорија дека Македонија им помага на бегалците „подолго отколку што е можно“. Тоа го мислеа само 1 отсто од македонските Албанци! И додека етничките Албанци сметаа дека земјата треба да изгради кампови и да добие помош од странство за да ги згрижи бегалците, Македонците сакаа да ги испратат косовските Албанци во „трети земји“ и „преку границата“.

Обете групи стравуваа од можноста власта да ја изгуби контролата врз ситуацијата, но дури две третини Македонци отворено рекоа дека се плашат оти „ поголем број бегалци ќе предизвикаат дестабилизација „.

Од времето кога беше направено ова истражување, бројот на бегалците во Македонија двојно се зголеми, а спорадичните обиди на земјата да ја затвори границата личеа повеќе на демонстрација за да се добие вистинска меѓународна помош - како и за сместување на бегалците. Но тоа беше само половична помош. На пример, една Данска со пет милиони жители - оцени дека може да смести само 1500 бегалци. Сиромашната Македонија со околу два милиони жители на својот грб понесе 245.000 бегалци.

## Прашање на гледиште

Во летото 1999, Македонскиот центар за меѓународна соработка, МЦМС, со помош на хуманитарната организација на ЕУ, ЕКО, и на Фолкекрикенс Нодхјелп, започна кампања против предрасудите што ги имаат луѓето во Македонија кон другите.

„Сакаме да се обидеме да градиме меѓусебно разбирање, толеранција и солидарност во нашата земја. Ние самите сме организација во која членуваат припадници на сите етнички групи во земјата“, појаснува Сашо Клековски, лидерот на МЦМС.

Кампањата одеше на сите телевизиски канали во Македонија и на 10 радио-станици, како и во печатот и на рекламни паноа и им се обраќаше на сите во Македонија, но пред се на младите.

„Сакаме развој на Македонија и помала невработеност. Но тоа не може вистински да се постигне, доколку не се научиме да работиме заедно“, нагласува Сашо Клековски.

*ОВК за време на војната не само што придоби голем број истомисленици со екстремните гледишта на косовските Албанци, туку во борбите освои добар дел од територијата*



## *Дилема:*

*Треба ли да се продолжи со давање помош доколку не се гледа можност за помирување? Или треба да се биде „реалистичен“ и да се направи план за дејствување во ситуација која веројатно ќе заврши со тоа што Косово ќе се претвори во етнички „чист“ регион?*

# ПОВТОРНО ДОМА

Кога косовските Албанци се вратија дома, српските куќи на Косово беа запалени и ограбени. Исто како што албанските домови беа палени и ограбувани неколку месеци пред тоа. НАТО не беше способно да ги спречи убиствата и насилствата врз Србите. Војната ги осиромаши сите. Никој на Косово - ни Србите ни Албанците - не успеаја да се оттргнат од ужасните случувања. Следуваат две стории  за еден ден минат на Косово:

## Иселувањето на Србите

Пред хотелот „Косовски Божур“ во Приштина стои стар камион скоро сосема натоварен со покуќнина.

Околу 200 краински Срби живееја во хотелот од 1995 година.

Тука тие се доселија откако Хрватите извршија инвазија на Краина и ја поразија српската војска. Српските власти ги испратија краинските бегалци во Косово, со ветувања за работа и заработувачка. Дваесетгодишната Анита Јока и 24-годишниот Ратко Навајдиќ брзаат што побрзо да се спакуваат. Еве што велат тие:

„Дојдовме тука пред четири години. Сега е повторно војна, по втор пат. Многумина косовски Албанци беа во Македонија и Албанија три месеци. Сега тие се вратија со целосна поддршка од меѓународната заедница. Но, се чини дека никој не е заинтересиран за нашата судбина. Ниту додека бевме во Краина, ниту сега во Косово“.



„Пред неколку дена дојде еден Албанец и ни рече дека треба да се иселиме. Тој сака да отвори кафеана во хотелот“.

Ратко е преморен од бегствата, од насилствата и од етничките чистења. Тој се надева дека неговиот татко ќе обезбеди австралиски визи за целото семејство.

„Ние немаме никаква иднина тука на Балканот. Никој не не сака.“

Два дена подоцна повторно го посетив местото. Хотелот е празен, а некој Албанец отворил ресторан во приземјето.

Останаа само неколку постари жени. Некои не можеа да го платат патувањето, а некои се престари за да појдат на стотици километри долгиот пат со стариот камион.

Анита и Ратко никој не ги видел.

*Од Јаап'т Гилде, Меѓународна црквена помош*

## *За дискусија:*

*До каде се границите за тоа - какви услови треба да поставува една странска влада?*

*Дали е разумно тоа што данската влада (речиси) секогаш поставува политички услови за давање помош? Тоа може да биде барање земјата да ги почитува човековите права.*

*Може ли состојбата во една земја да биде толку лоша, што долгорочно би било подобро за нејзините жители да им се прекине помошта и на тој начин да се врши притисок, врз еден диктатор, на пример? Хуманитарните организации не поставуваат никакви барања. Дали е тоа разумно?*

*Дилема:*

*На луѓето во Србија им е потребна помош, а српските власти истовремено ги кршат човековите права на Косово. Дали ќе им помогнеш - и на тој начин ќе ја испочитуваш првата заповед на хуманитарните организации, која вели дека треба да се помогне секој кој има потреба од помош? Или ќе им ја ускратиш помошта заради непочитувањето на човековите права на косовските Албанци?*

## Враќањето во Острозуб

Острозуб е мало село во централниот дел на Косово. Изгорените куќи беа раштркани по падините на околните ридови. Последната година врз селото беа извршени три жестоки воени офанзиви.

250-те куќи од ова село прикажуваат за едно вознемирувачко минато. Српските сили ги разурнаа и ги запалија куќите. Се што беше вредно во нив е ограбено, а само една од нив остана нечепната.

Тоа што не можело да се понесе со себе е уништено или претворено во пепел. Пред војната тука живееле 2.700 луѓе. Сега има едвај една петтина од нив.

Браќата Исуф Морина, 54-годишен, и Бајрам Морина, 48, пребегнале во планините во април, кога српските сили ги бараа сите машки лица, косовски Албанци, на возраст од 15 до 50 години. 79 дена браќата се криеја во планините и ретко слегуваа во селото во потрага по храна.



Бајрам Морина настојува да одиме кај него на кафе. Сите работи во куќата се изгорени. Заедно со сопругата тој непрекинато работи на обнова на куќата, но завршена е едвај половина од работата. Едвај може да се распознае што некогаш било кујна, што спална а што дневна соба. Во една од просториите на подот се уште се наоѓа едно вапцано јајце.

„Србите го славеле Велигден во нашата куќа", објаснува Саније.

Бајрам е дипломиран социолог и добро го зборува англискиот:

„Работевме 20 години за да ја изградиме куќава и видете ја сега. Не сакам освета, навистина, но не можам да сфатам што се случи. По сите оние непријатности што ги преживеавме, сега чувствувам олеснување, затоа што конечно сме слободни и безбедни. Без полицајци, кои во секое време можат да ти дојдат на вратата и да бараат нешто".

*Јаап'т Гилде, АЦТ*

***„Можам да живеам во мир заедно со оние Срби кои не ни направиле ништо лошо. Но не можам да живеам со оние Срби кои ограбуваа и убиваа. И верувам дека еден ден Косово ќе биде дел од Албанија".***

Рецина Гаши, косовска Албанка



*Уништувањето на имотот на Албанците од страна на Србите беше систематско и обемно. Истото го сторија и Албанците со српскиот имот по косовската војна. Сега, неколку месеци по завршувањето на борбите, можностите за дијалог меѓу двете страни, се чинат неповратно уништени.*

### Кој ќе биде казнет?

„Доколку Србија навистина е под диктатура, се поставува прашањето дали нејзиното население може да се смета за одговорно за владината политика.

Споменатото прашање е мошне актуелно, посебно сега, кога се зборува за „поддршката за обнова“ - односно за тоа како ќе се оквалификуваа „воените штети“, во случај да загубеше НАТО.

Дали е прифатливо да се остави целиот српски народ да страда под еколошката катастрофа, предизвикана од масовното бомбардирање; или да се остават луѓето во безработица и немаштија, затоа што нашата војна против нивната влада ја разурна инфраструктурата и голем дел од индустриските капаците - со цел да ги убедиме дека нивниот претседател, кој ние го нарекуваме диктатор, е ѕвер?“

*Бјорн Мелер, мировник, во Политикен, 18 јули 1999.*

## Милошевиќ и браќата

Иднината на Косово е нејасна. Косово сè уште му припаѓа на Србија. Дури во 2002 можеби ќе се реши дали Косово ќе биде со Србија, дали ќе биде независно или можеби ќе се приклучи на Албанија.

Експертот за Источна Европа, Тимоти Гартон Аш го посети Отец Сава и другите свештеници, додека единиците на КФОР се обидуваа да „ги убедат Србите и Албанците да живеат заедно едни покрај други“.

Околу пет месеци по мировниот договор најмалку 77 православни црковни објекти беа разурнати или оштетени од гранати. „Ние сме биле тука со векови. Многу од нашите градби датираат од тринаесеттиот век. Тие ги преживеаа земјотресите, многуте војни низ вековите - вклучувајќи ја османлиската инвазија и Втората светска војна. Но за само неколку месеци тие се разурнати“, вели калуѓерот Теодосиус од Манастирот во Дечани. Тој нагласува дека уривањата започнаа откако силите на НАТО вистински влегоа во регионот.

„Иронично е што умерениот дел на Србите кои активно им помагаа на косовските Албанци пред избувнување на војната, сега страдаат под урнатини“, вели генералниот секретар на Данската црковна помош Кристијан Балслев-Олесен.

## Мински полиња

На прагот на првата, сурова зима по ослободувањето, сосема е јасно дека, и покрај сета добра волја, меѓународната заедница не ќе успее на Косово да ги смести сите, пред да настапат студот и мразот. Според ОН, на Косово треба да се реновираат околу 120.000 објекти. Оод нив 78.000 се уништени целосно.



*Јуни 1999. Расплакана мајка тагува по своето дете, кое загина, откако згазна на една од многубројните мини кои ги има низ цело Косово.*

Друг проблем, што ја отежнува обновата, претставуваат противпешадиските мини, кои се поставени насекаде во регионот. Кампањата за нивно отстранување ја водат мирвните сили, а невладините органзиации, како што е Данската црковна помош, си дадоа обврска да ги пребаруваат куќите, училиштата и полињата. Општо земено, додека чистачите на мини не ги испитаат местата, сите други работи - поправките на бунарите и доградбата на училиштата, не можат да се реализираат или треба да се извршуваат со голема претпазливост.

За четири месеци на Косово се случија 233 несреќи со мини или неексплодирани бомби. Околу 3500 опасни места, односно реони, за да може на нив да почне да се гради треба да се испитаат милиметар по милиметар.



*Јуни 1999. Околу 120.000 објекти на Косово треба да се обноват.*

## Ненормалното стана норма

Половината од косовските школи беа користеникако засолништа за српските тенкови, така што сега недостигаат ѕидови во училниците или пак воопшто не можат да се реновираат.

Над 2000 луѓе најверојатно се наоѓаат во српските затвори, додека неколку илјади се закопани во масовните гробници. Експертите по судска медицина се трудат да ги откријат масовните гробници и да презентираат докази пред Меѓународниот суд за воени злосторства, во Хаг. Задачата на АЦТ, Меѓународната црковна хуманитарна помош, е да се погрижи за лешевите во бунарите низ цело Косово.

Накусо кажано: Се што за за нас во Данска припаѓа во еден нормален живот, на Косово е во распаѓање. Недостасува електричната енергија, не функционираат поштенските служби, канализацијата, телефонијата, банките, противпожарните служби, а не се оспособени ни локалните власти, кои би требало да раководат со тоа.

„Кусата“ војна заврши - обновата ќе трае уште многу години.

## Црквата раскинува со Милошевиќ

„Благодарениа на НАТО, улогите ненадејно се променија. Последната институција која им остана на Србите беше црквата. А, црковните лидери сега се трудат да откријат кој навистина е виновен.

Како што секогаш правам, отидов во посета на извонредниот Дечански манастир, едно средновековно здание, кое се наоѓа во Проклетијата, косовскиот планински регион на границата со Албанија. Откако поминав покрај италијанското оклопно возило, кое го блокираше влезот, бев прифатен од отец Теодосиус. Во разговорот со младиот Брат Леонард, кој говори течно англиски, со видлив набој на вековните библиски преводи, дознаваме дека за време на војната „се забележуваше надоаѓањето на неправдата и гневот“. Се беше безумно. Додека НАТО ги бомбардираше српските цивили, Србите го истураа својот гнев врз албанското население. Многумина Срби дојдоа кај свештениците за, на некој начин да си ја смират својата црна совест.

Дали Милошевиќ го жртвува Косово за да ја задржи Србија? „Тој не само што го загуби Косово, туку и целосно го напушти својот народ, и физички и духовно“. Манастирот ќе го преброди меѓународното владеење, или албанското владеење, откако го преживеа петвековното османлиско робство. Но ерата на Слободан Милошевиќ ќе биде запаметена како најлоша во целата српска национална историја. Како што Брат Леонард појаснува: „Тука, во манастирот, не е дозволено дури ни да се спомене неговото име“.

*Хроника на Тимоти Гартон Аш во „Политикен“, 22 јули 1999*

### *Дилема:*

*Данската држава даде прилог за купување работи за хуманитарна помош, а собрани се и други пари за истото. Од една страна можат да се поддржат локалните производители со купување работи кај нив. Од друга страна има барање за купување дански производи, доколку не се многу поскапи и доколку не ја успоруваат доставата на хуманитарна помош. Каде мислиш дека треба да се купуваат работите?*



*На Косово за четири месеци имаше 233 несреќи од мини или неексплодирани бомби. Тоа е ужасен исход којшто го продолжува стравот и по завршувањето на војната*

# ПОГОВОР

Данците покажаа голема волја да им помогнат на бегалците од Косово. Тоа е добро.

И данската држава даде голем придонес за обновата на Косово.

Парите се обезбедени од помошта за странските земји.

Истовремено додека помошта се слеваше во Косово, данската држава летото 1999 година мораше да воведе рестрикции за хуманитарната помош за неразвиените земји, како оние во Африка. Таквата состојба принуди голем број хуманитарни организации во Данска писмено да и се обратат на Владата. На 21 јуни Данската црковна помош од името на осум дански хуманитарни организации испрати барање до државниот министер Пол Нируп Расмусен. Во писмото организациите, меѓу другото, пишуваат:

*„Војната, работата со бегалците и реконструкцијата (на Косово) чинат пари. Тоа е сметка што секако треба да се плати. Ви се обраќаме сега, како на државен министер, затоа што сме уверени дека од оваа штети најпогодени ќе бидат луѓето од најсиромашните земји на светот.*

*Јасно ни е дека Данска не може да му даде приоритет на Балканот пред катастрофите и страдањата на луѓето на други места во светот. Но истовремено се плашиме дека ситуацијата во наредните месеци може да биде уште поочајна во повеќе региони надвор од европскиот континент“.*

Подоцна, а имајќи го во вид и нашето обраќање, Министерството за надворешни работи издвои повеќе милиони круни и за други региони, како на пример, за борба против гладот во Етиопија. Истовремено данската држава ги исплати своите обврски кон Организацијата за развој при ОН, УНДП.

Никој од системот на ЕУ не ја продолжи дебатата. Во октомври 1999 година, Европарламентот, избран од народот, се спротивстави на плановите на земјите членки на ЕУ, според кој земјите во развој треба да плаќаат за реконструкција на Косово. Европскиот совет, во кој седат министри од одделните земји, го определи буџетот за 2000-та година. Според него околу 3,5 милијарди круни (500 милиони евра) наменети за Косово, ќе се обезбедат со намалување од 10 отсто од средствата наменети за земјите во развој.

## ?

## За дискусија:

*Треба ли да даваме повеќе, исто и како држава, кога се случуваат непредвидени катастрофи, како на Косово? Дали размислуваш за тоа дали помошта е наменета за некоја земја во Европа или за некоја земја, на пример, во Африка?*

## Дилема:

*Си одлучил да дадеш 100 круни (15 евра) за хуманитрна помош. Имаш две жиро-сметки - едната за помош на земја во Европа - другата за една земја во Африка.*

*Што ќе напишеш на жиро сметката?*

*„Нема да дозволиме поддрикаша за Косово да ја плаќааш Африка, Лашинска Америка и Азија", рече прешседашелош на Комисијаша за буџешош на Европарламеншош, Жан-Луј Бурланж, ошворајќи ја во окшомври 1999 година, дебашаша за буџешош на ЕУ во 2000 година.*

Во моментов кога се пишува книгава не е познато дали протестот на Европарламентот вроди со плод.

Што се однесува до Високиот комесаријатот за бегалци на ОН, УНХЦР, може да се дискутира за приоритетите што владите и меѓународните хуманитарни организации ги определуваат.

На пример, во една област во Африка, на границата меѓу Етиопија и Еритреја, се случи најголемата војна во светот во периодот меѓу 1998 и 1999 година. Таму, во борба за едно бесмислено парче земја, една наспроти друга, се соочија две војски, со по четврт милион војници. Десетици илјади луѓе беа убиени, ранети или поробени, а најмалку 600.000 се протерани од своите домови.

Најбруталната војна не се случи на Косово. Во Сиера Леоне, во 1991 година, се убиени најмалку 50.000 луѓе.

Кога станува збор за бегалската драма, Косово претставува помалку од една третина од најголемата бегалска катастрофа на светот: Авганистан. Програмата на ОН, која треба да им помогне 2,6 милиони бегалци пропадна, а во 1999 продолжија очајнички да се бараат пари од меѓународната заедница.

Или, како што може да се прочита во весникот на УНХЦР, Рефјуџис: „... владите претпочитаат да ги даваат своите придонеси на организациите, како на пример УНХЦР, кои ги поддржуваат видливите, „популарни" кризи како онаа на Косово, а не водат сметка за тежината на ситуацијата".

# ЛИТЕРАТУРА


*Болесша и смршша на Југославија*
Карстен Фледелиус, Gyldendals Uddanelse, Копенхаген, 1999

*Ексйлозивниош Балкан*
Карстен Фледелиус и Оле Ниенг, Alinea A/S, Копенхаген, 1999

*Карлос & Абел*
За конфликтот и Решавањето на конфликтите со појдовна точка во Ел Салвадор и Средна Америка.
Видео 15 мин. со мала брошура. Данската црковна помош 1997-98.

*Земја на орлиие*
Петер Далхоф - Нилсен, Vindrose 1993.

# ДОКОЛКУ САКАШ ДА ДОЗНАЕШ ПОВЕЌЕ: ЛИНКОВИ ЗА КОСОВО

**http://www.um.dk/kosovo/**

Министерство за развој на Данска

Веб-страница на Министерството за развој со сите официјални информации за данското учество во Косово, со прес-материјали за актуелни прашања

**http://www.notes-reliefweb.int/**

(OCHA - Канцеларија за координација на хуманитарните работи)

Орган на ОН за координација на хуманитарните работи. Веб-страница на англиски јазик со најновите информации за организации на ОН, како и за невладини организации за хуманитарните прашања на Косово

**http://www.decani.yunet.com/**

Српски православен манастир во Дечани, Косово (Веб-страница на сајбер-свештеникот)

Веб-страница на англиски јазик од православниот манастир во Дечани, Косово, кој даде голема хуманитарна помош, и е еден од партнерите-соработници на Данската црковна помош.

**http://www.geocities.com/MotorCity/Track/4165/kla2.html**

ОВК (UÇK) - Ослободителна војска на Косово

Веб-страница на англиски јазик со гледиштата на ОВК, на неа е прикажана и историјата на Косово, гледана од косовскоалбанска гледна точка

**http://www.gov.yu**

Сојузна Република Југославија

Веб-страница на англиски јазик со официјални југословенски/српски ставови за Косово. Прикажана историјата, гледана од српска гледна точка. Критичко претствување на НАТО-бомбардирањата.

**http://www.nato.int/**

НАТО - Севрноатлантска воена алијанса

Веб-страница на НАТО меѓу другото со приказ на бомбардирањата од 25 март до 10 јуни, како и на КФОР, меѓународните мировни сили на Косово.

**http://www.noedhjaelp.dk**

Данската црковна помош

Веб-страница на Данската црковна помош со приказ на доделената хуманитарна помош и со информативен материјал

**http://www.kosova.dk**

Косовски комитет

Комитет во кој членуваат Данци и Албанци, кои се залагаат за реконструкција на Косово и за самоопределување на косовските Албанци.

**http://djfff.freeservers.com/**

Данско-југословенско здружение за мир

Здружение во кое членуваат Данци и Југословени, кое има за цел да спречи нова интервенција на НАТО против Југославија и да обезбеди помош за жртвите на бомбардирањата

**http://inter03.dr.dk/nyheder/baggrund/kosovo/kosovo.htm**

Данско Радио вести онлајн

Данско Радио со вести, бекграунд и линкови кои се однесуваат на Косово

**http://www.cnndanmark.dk/**

Си-Ен-Ен (CNN)

Си-Ен-Ен и Данскиот дневен лист "Berlingske Tidende" најинтересни во однос на вестите за актуелните настани

**http://www.newsunlimited.co.uk/kosovo/**

Гардијан (The Guardian)

Британски лист со најнови вести, бекграунд и линкови за Косово

# III ДЕЛ - ЗА УЧЕНИЦИТЕ

## КОИ ИСТОРИСКИ ОЧИЛА?

Ако ја применивтезадачата за Кристијан Втори (ст. 67), видовте како може да се пишува за еден настан зависно од тоа од која страна тој се гледа. Такви примери можат да се најдат насекаде. Во немирната историја на поранешна Југославија можат да се најдат многу примери за таквиот начин на пишување на историјата.

Се делите на групи и повторно ги препрочитувате деловите од првото поглавие на книгата. Едниот дел од групата нека чита со српските очила за видување на работите, а другиот дел со очилата на косовските Албанци. Обидете се да ја напишете нивната страна на историјата, видена со нивните очила, на сличен начин како во примерот со Кристијан Втори и Стокхолм. За тоа ќе ги барате сите тие основи и аргументи кои ја поткрепуваат позицијата на страната што вие ја читате. Што ќе одберете за да и докажете на другата страна дека не е во право. Како можете да ги градите и поткрепувате историите на Магбуле и Зоран кога ја гледате историјата преку нивните очила? Напишете нешто за тоа што би истакнале кога би требало да учествувате во другата група. Никој не смее да го прекинува излагањето на другата страна.

Откако сте ги изложиле и разгледале вашите различни верзии по групи, целиот клас може да дискутира за тоа што сте виделе и слушнале за косовскиот конфликт и за начинот на кој едната страна се обидува да ја претстави другата како виновник.

### Анализирање и разрешување на конфликтите

Во групите го добивате чувството за тоа како може да се развива непријателството и на колку различни начини може да се гледа на иста работа.

Даден е еден пример за начинот на кој конфликтот се развива, и тоа без разлика дали се работи за помал конфликт меѓу две лица, или пак за голем меѓународен конфликт. Примерот може да се гледа како едно бескрајно скалило. Што повисоко се оди, толку покомплициран е конфликтот. Истовремено е можно во многу случаи да се слезе по скалите и да се дојде до помирување.

Во групите можете да го разгледувате скалилото на конфликтот. Како појдовни точки можете да земете некои примери од секојдневието за да видите како еден безопасен конфликт може да се развие. Не е сигурно дека вашиот конфликт ќе ги помине сите скали. Понекогаш може да се случи неочекувано во една ситуација некои фази на конфликтот да бидат прескокнати, па дури и од првата скала наеднаш да премине на седмата. Помислете на ситуација кога некој со својата изјава ќе го предизвика другиот за тој нагло да излезе и да ја тресне вратата зад себе .



Откако сте ги поминале скалите разгледувајќи сопствени примери, можете да ја продолжите работата со историските очила. Како се вклопуваат вашите различни гледишта и актуелната ситуација во скалилото на конфликтот.

Можете ли да сместите некои од вашите примери на различните скалила?

Каде се наоѓа конфликтот сега?

Најдете некои примери за тоа како се градени сликите на непријателството, сега или во минатоте, во Данска или на друго место во светот.

Кои дански митови или познати случки ги знаете? Која беше нивната цел? Што велат историчарите денес? (Бени Андерсон спомнува некои од примерите во својата песна *Швеѓаните*).

Би можеле да ја прочитате новелата на Антон Самаракис „*Реката*“ од збирката „*Потрага по надежта*“. Тој, меѓу другото, зборува и за тоа како се развиваат сликите на непријателството.

Бени Андерсон напишал повеќе песни за Данците и нивните соседи, за странците и за конфликтите на културите. Илустрација за данскиот однос спрема тоа што значи да се биде Данец (во поемата *Швеѓаните)*. Пример за мирољубивата Данска во однос на немирниот Балкан, каква што беше Босна која се растураше кога песната беше напишана: Едно место во Европа.

Двете песни се наоѓаат во збирката „*Одбрани стихови*“.

## Дали е помирувањето можно? (с. 4-30)

Дали е можно да се слезе по скалите во тој конфликт?

Првата скала е страните да се убедат да пробаат, да се убедат да се сретнат. Не е сигурно дека може да се постигне за кратко време. Можете, евентуално, да го прочитате написот на Салман Ружди во весникот „*Политикен*“ од 15 август. Тој не верува дека е тоа можно сега, кога непријателските чувства се пресилни.

Обидете се да ја изградите првата надолна скала на конфликтот, со тоа што ќе се вратите на нивните гледишта, на нивните два начини на толкување на работите. Веќе сте ја слушнале другата страна, што е третата скала од надолното скалило на конфликтот. За да не го повторувате тоа, обидете се повторно да ја раскажете другата страна на приказната. Повторно вреди правилото дека не смее да се коментираат ставовите.

Што недостасува во презентирањето?

Како е да се зборува за спротивните ставови - како да се тие вистински?

Како звучи да се слушне сопствениот став искажан од противничката страна?

Можете ли да најдете некои главни црти во извештаите за кои сте слушнале или сте ги читале?



## *Растењето на конфликтот*

**7. Поларизација**

**6. Отворено непријателство**

**5. Слики на непријателството**

**4. Откажување од разговорите**

**3. Проблемот расте**

**2. Персонифицирање**

**1. Несогласување**

### *Водич*

1. **Несогласување**
   Во оваа фаза сме неединствени, се обидуваме да решиме еден проблем, додека конфликтот се уште не е нараснат.

2. **Персонифицирање**
   Сега доаѓаат негативните последици - иритираност, страв, гнев, неподнесување. Веќе не е проблемот она во што не се согласуваме, туку е тоа другата страна. Имаме дилеми, се јадеме, се препрашуваме, стануваме ранливи, несфатени сме, навредени. Ги оспоруваме мотивите и карактерот на другиот. Почнува да станува непријатно.

3. **Проблемот расте**
   Почнуваме да мислиме за недостатоците на другиот и за неговите грешки. Старите нерешени конфликти, старите неправди, излегуваат во прв план.

4. **Откажување од разговорите**
   Негативниот тек на работите предизвикува промени во расудувањето, комуницираме непрецизно, се повторуваме себеси, не го слушаме другиот. Тоа е дијалог на глуви. Не разговараме еден со друг, зборуваме само за другиот, навредуваме. Го прекинуваме разговорот, комуницираме на непријателски начин.

5. **Слики на непријателството**
   Веќе не го гледаме другиот јасно и нијансирано, туку единствено негативно. Кај другиот ги гледаме оние работи кои ги презираме кај нас.
   Основниот проблем веќе исчезнал, сега е целта да покажеме дека ние имаме право, да го совладаме другиот.

*Спуштање на конфликтот*

1. Директни контакти меѓу страните

2. Обидете се да најдете решенија за конфликтот

3. Секој ја кажува својата страна од приказната

4. Најдете ги главните црти

5. Најдете ги нагласените интереси и потреби

6. Најдете што повеќе решенија - браинсторм

7. Уверете се дека обете страни се потполно задоволни и направете конкретни договор

Конфликтот станува магнет за нас, своевидна јама, која ја црпи сета наша енергија, го опседнува најголемиот дел од нашата свест.

**6. Непријателство**

Сега веќе сме станале нечувствителни и го гледаме другиот како непријател. При групните конфликти се слушаме само себе и ги отфрламе умерените („предавниците“). Контактите сега се преземаат од екстремистите, кои најчесто се однесуваат аутистично и за кои целта ги оправдува средствата. Ние сме добрите, другите се лошите.

**7. Поларизација**

Географска делба. Сега веќе страните не можат да бидат на исто место. Време е на делења, разидувања, стравувања, селидби, гетоизации. Човек бега, или се затвора во себе, се потиснува. По распадот во принцип остануваат овие три можности:

- борбата продолжува од дистанца и може да биде мошне остра и долготрајна; размислете, на пример, за деца на разведени родители, кои со години се користат како оружје помеѓу раскараните родители;

- раскараните страни целосно ги прекинуваат меѓусебните контакти;

- страните ги кршат бојните копја и наоѓаат разбирање за себе и за другиот.

Извор: Центар за решавање конфликти од Копенхаген

Можете ли да видите некои заеднички интереси и барања кај обете страни?

Како може да се снајде некој во една претходна состојба, каква што е опишана во приказната *„Пушти ги, Мирела!“* (стр. 20)

Можете, евентуално, да ги надополните вашите информации со разговори со Срби и косовски Албанци кои живеат тука. Во Копенхаген постојат неколку здруженија на косовските Албанци, на Србите, како и албанско-дански и српско-дански друштва.

Доколку работите со примери на третирање и решавање на конфликти во други земји, можете да се служите со еден друг материјал на Данската црковна помош за помирување во Ел Салвадор, односно со истражувачкиот материјал на Карлос и Абел (види ја литературата).

## Дилемите во хуманитарната помош и војната (с. 30-62)

По групи можете да дискутирате за заповедите во однос на несогласувањата и конфликтите за кои станува збор во книгата и за дилемите кои се поставени во одделни нејзини делови.

Дали некои од заповедите се поважни од другите?

Можете ли да им дадете приоритети на заповедите според нивното значење?

Дали недостасуваат некои работи и прашања во заповедите што се претставени, за кои мислите дека требат да бидат поставени?

Можете ли да формулирате некои прашања кои недостигаат?

Како би ги рангирале заповедите на приоритетната листа, откако сте ги продискутирале една по друга.

Дискутирајте ја работата на групите во целиот клас.

Во печатот имаше многу дискусии во однос на работата на хуманитарните организации, нивната зависност од државата, степенот на ефективност итн. Можете, евентуално, да вклучите некои од овие прашања во вашите заклучни расправи.

*Упатство*: „Политикен“, лето 1999-та - прилог А/С Гресродер.



*Срӣски ӣолицаец ӣали свеќа во манасѿироѿ во Дечани во 1998 година*


МИЛИЦИЈА

# IV. ДЕЛ – ЗА ПРЕДАВАЧИТЕ

Како додаток за работата со историскиот дел во книгата за Косово, на учениците може да им се покаже како еден историски настан може да се опише и протолкува од две страни. Тоа може да послужи како вежба, која за појдовна точка има настан од данската историја, односно данскиот однос спрема соседната Шведска, во времето на кралот Кристијан Втори.

(Текст А:)

Разговарајте во класот за различните начини на пишувањето историја:

Класот се дели на две групи.

Групата 1 го чита текстот А, додека групата 2 го чита текстот Б. Предавачот може да одлучи тоа да го држи во тајност, на тој начин што на половина од класот ќе им го даде текстот А, а на другата половина текстот Б. Тоа ќе придонесе за големиот момент на изненадување.

Откако ќе се заврши со читањето, на учениците им се дели листот Ц, кој тие треба да го пополнат.

Предавачот го подигнува листот Ц како транспарент и го прашува класот кои одговори ги потцртале. Двете групи ќе дадат речиси сосема спротивни одговори.

На групите им се дели другиот текст, што тие повторно го читаат. Класот осознава како се доаѓа до различен начин на претставување на работите и како истите историски настани можат да изгледаат различно.

Можете, евентуално, да одите во училишната библиотека и да видите како тие настани се опишани во книгите по историја.

(Текст Б:)

*ПС! При копирањето на текстовите треба да избегнете обележување на текстовите со А или со Б.*

## Стокхолмското крвопролевање

Во 1520-та година Стокхолм беше нападнат и поробен од странскиот крал Кристијан Втори. И покрај тоа што на бранителите на градот им беше ветено дека нема да им се случи ништо, напаѓачите не го одржаа зборот. На некој начин Кристијан Втори откри еден настан од пред три години, кога водечките луѓе во Шведска беа единствени во одлуката да отстранат еден безвреден надбискуп. Сега отфрлениот надбискуп се обедини со поробувачите и во старата афера најде добар повод да им се одмазди на своите непријатели.

Наспроти сите ветувања на кралот, беше формиран суд, кој сите обвинети ги осудуваше на смрт. Единствениот измамник што се најде меѓу обвинетите, наместо да биде осуден, беше поставен за судуија.

На тој предавнички начин 82 лица станаа жртви на довербата во зборовите на кралот. За начинот на кој се одвиваше тоа, зборува следната мала епизода: Бискупот Винсенс беше изведен од замокот од страна на еден од слугите на кралот Кристијан, по име Дидрик Слагхек. Бискупот беше предаден на германски платеник, кого го праша: „Што има ново?". Војникот одговори: „Не многу добри вести. Вашата висост мора да ми прости. Мене ми е заповедано да ја отсечам главата на вашата висост."

Дидрик, кој доброволно го изврши предавството, подоцна беше поставен да управува со Шведска. Тој го продолжи она што го започна во Стокхолм и низ целата земја беа брутално угнетувани сите оние кои ја поддржуваа ослободителната борба против Кристијан Втори. Затоа, разбирливо е зошто тој човек е една од најомразените личности во шведската историја и зошто кралот, кој стоеше зад него, го доби името Кристијан Тиранинот.

## Нордиските земји се обединуваат

Во 1520-та година данскиот крал Кристијан Втори го освои Стокхолм. Со векови многумина се надеваа дека може да се создаде една нордиска голема сила која може да застане на патот на германското пробивање во Скандинавија. Под водството на шведското богато племство, кое беше поврзано со германските трговци во Либек, Стокхолм грчевито се бранеше.

Со цел да ја заврши опсадата, која беше мошне жестока, данскиот крал вети дека ќе ги поштеди противниците доколку се предадат. Тоа ветување кралот, се разбира, го одржа, но во тоа време постоеше правило дека кралот треба да ја помага црквата, а во Шведска во тоа време постоеше заговор против надбискупот. Заговорниците успеаја да го заробат надбискупот и неговит замок го срамнија со земја. Борбата против црквата во тоа време се сметаше за предавство, а за предавниците беше предвидена смртна казна.

Кралот, како заштитник на црквата, се разбира дека беше принуден да ги преземе работите во свои раце. Тогаш тој веќе беше прогласен за законски владетел. Тој формираше суд, кој беше составен од Швеѓани и еден единствен Данец. За време на судењето сите добија право да се бранат, а само еден, кој бил натеран да учествува во заговорот, се разбира, беше ослободен. Судиите на крајот од процесот донесоа одлука дека обвинетите се виновни за предавство.

Како што тогаш беше вообичаено, судот мораше да биде строг и да покаже дека за предавниците нема милост. Притоа не се земаше предвид дека се работи за најбогатите и водечките луѓе во земјата. Тие беа осудени како предавници. Вкупно беа осудени 82 лица, а смртната казна беше извршена во центарот на Стокхолм.

Повереникот на Кристијан Втори, Дидрик Слагхек, беше задолжен за редот и мирот во земјата. Тој доби информации дека и во други места се откриени предавници, на кои им ги изрече казните кои беа пропишани во тоа време.

**Задача:** Во продолжение ќе се обидете да ги најдете зборовите, за кои мислите дека ***најмалку одговараат*** на текстот што го прочитавте. Имате по пет одговори на секое од поставените прашања. Обележете по три одговори на секое од петте прашања:

***1. Кристијан Втори како крал бил:***

__ мудар
__ неправеден
__ заштитник на послабите
__ доверлив
__ лажливец

***2. Поробувањето на Шведска претставува:***

__ обединување на нордиските земји
__ ослободување
__ добро христијанско дело
__ помагање на една безвредна црква
__ злоупотреба на моќта

***3. Судењето на обвинетите е:***

__ осветнички чин
__ правичен исход на еден судски процес
__ неисполнето ветување
__последица на предавството
__ обид да се задуши отпорот

***4. Швеѓаните кои беа егзекутирани:***

__ биле предадени
__ самите го барале тоа
__ биле предавници
__ биле невини
__ биле добри Швеѓани

***5. Дидрик Слагхек бил:***

__ владетел на Шведска
__ намесник
__ добар војник
__ брутален и безобѕирен
__ добар христијанин

*(Напомена: Работиме со историја од Ханс Хенрик Рохолм и др., Gjelerup, 1975 г.)*

# РЕГИСТАР НА ПОИМИ


**А**
авионски транспорт (дански: flytransport): 33
АСТ: 30, 32, 41, 44, 50
Албанија: 4, 5, 6, 8, 9, 12, 22, 24, 32, 37, 38, 39, 41, 42, 43, 44, 50, 53, 54
албански: 15
алфабети, азбуки: 14, 15
Анастасиос: 38, 39, 41
Анан: 26

Б
Балкан: 4, 5, 8, 9, 11, 19, 29, 33, 37, 45, 50, 59
Балслев-Олесен: 35, 41
бегалци (дански: flygtninge): 7,18, 26, 32, 34, 35, 37, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 49
Белград: 7, 10, 11, 20, 21, 28, 29, 45
бирократија: 43
болници (дански: hospitaler): 22
бомби: 4, 10, 27, 28, 29
Бошњаци: 15
Босна: 12, 14, 15, 16, 17, 18,19, 20
Босанци: 12,15, 18
босански: 15, 16, 19
Броз: 12
Бугарија: 5, 12, 37

В
Велика Британија (дански: Storbritannien) 26
Византија (дански: Byzans): 9
Виена (Wien): 10
Војводина: 10, 13, 14, 15, 16, 19

**Г**
Газиместан (дански: Solsortesletten):8, 9, 10, 11, 21, 22
гангстерски групи: 44
Гаши: 46, 53
Генерален секретар на ОН (дански: FNs generalsekretær): 26
главен јазик (дански: hovedsprog): 14
Грција: 5, 9

Д
Данска: 20, 29, 36, 41, 45
Данска помош за бегалци: 46
Данска црковна помош (дански: Folkekirkens Nødhjælp): 31, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 45, 46, 54, 55Дејтон: 19
Дечани-манастир: 26, 50, 54
Дилема: 41, 44, 49, 50, 52, 53, 57, 58, 62
десетте заповеди на хуманитарната помош (danski: Nødhjælpens Ti Bud): 30, 32, 49
Дијаконија агапес: 32, 38, 39, 41, 44
Дунав: 9, 37

**Е**
Европска најсиромашна земја: 41, 43
Еврејска вера (дански: Jødisk tro): 15
Египќани (дански:ægyptere) 15
економија (дански: økonomi): 19, 22, 41, 45
Ел хилал: 37
ЕCHO: 2, 40, 46
ЕУ: 19, 40, 58

З
зараза (дански:bestikkelse): 44
зимата (дански: vinteren): 50

И
Ислам: 9, 15
историја (дански: historie): 4, 6, 7, 8, 10, 12, 45, 52
Италија: 12

Ј
Југославија: 5, 6, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 21, 22, 26, 35, 43

К
камионски товар (дански: lastvogn-fragt): 33
кампови (дански: lejrene): 33, 36, 37, 44, 46
католици: 9, 15, 20, 38
католичка црква: 9
Кина: 26, 43
кирилична азбука: 15
кланови: 8
Клековски: 37
комунистичка партија: 16
Коран: 9
корупција: 21, 43
Косово Поле: 9
косовски Албанци: 6
косовска рамнина: 6, 8
Краина: 16, 17, 52
Куба (Cuba): 43

Л
Лазо: 9
локални сили: 30, 32, 33, 41
Лутер: 9

М
Македонија: 4, 9, 10, 11, 14, 15, 17, 18, 31, 32, 34, 35, 36, 37, 50, 51
македонски: 15
масакр: 28
Меѓународна заедница (дански: Det internationale samfund): 26
Мека: 9
Меѓународен црвен крст: 30, 32
Милошевиќ: 6, 9, 16, 21, 22, 26, 27, 29, 37, 45, 50
МЦМС: 31, 32, 34, 35, 37, 51
Мухамед: 9
муслимани: 15
муслими: 9, 17, 20, 38

**Н**
национализам: 13, 16
нации: 14, 15
НАТО: 4, 7, 10, 26, 27, 28, 29, 37, 41, 52
нацистичка Германија:12
НВО: 32, 34, 36
Ндрок: 44
новинари (дански: pressefolk): 31

О
Обединети нации (дански: FN): 18, 19, 26, 27, 32, 40, 41
обнова (дански: genopbygning): 45, 54, 55, 56
Османи: 9,10
отпор (дански: modstand): 22

П
Париз: 28
пирамидална игра: 22
православни (дански: ortodokse): 9, 25, 32, 38, 39
православна црква (дански: ortodokse kirke): 9, 39
принцип на суверенитет (дански: suværenitets-principet): 26
присилна колективизација (дански: tvangs-kollektivisierung): 43

Р
Рачак: 28
Рамазан: 9, 20
Рамбуе: 28
Ред Барнет: 46
религија: 14, 15, 16, 20, 38, 43
ромски народ: 35
Роми (дански: sigøjnerne): 35
Романија: 5, 37
Русија: 15, 26, 27, 43
Ругова: 22

С
Сава: 25, 32, 50
САД (дански: УСА): 19, 26, 27, 28, 37
Самакова: 35
самоуправа: 6, 14, 21, 22, 28
Сараево: 12, 18, 20
**Сване: 26, 31, 37, 41, 44, 50**
светска војна (дански: verdenskrig): 7, 12, 15, 17, 21, 32, 43, 45
Северна Кореа (дански: Nordkorea): 43
Скадар-камп: 46, 47
Скендербег: 6, 8
Скопје: 10,34,35,36
Словаци: 15
Словенци: 12, 15
Словенија: 14, 17

словеневчки: 15
Совет за безбедност: 26
**Советски Сојуз: 16, 21, 43**
Срби: 7, 8, 10, 12, 15, 16, 17, 20, 21, 22, 50, 52, 53
Србија: 5, 6, 11, 12, 14, 16, 19, 20, 22, 28, 45, 54, 56
српско-хрватски: 15
Сребреница: 18
Српска: 19
Стефан Урош Четврти Душан : 9
Стенковец: 37
Суни: 9

**Т**
**ТВ: 10, 30, 48, 49**
Теодосије: 54, 57
терористи: 7
Тито : 6, 12, 13, 16, 21, 22
Томсен : 38, 39
транспарентност (дански: synlighed): 30
**Турци: 15**

У
Унгарци: 15
Унгарија: 15
УНХЦР: 26, 32, 40, 41
усташи: 7, 12, 13, 17
училишта (дански: skoler): 22, 55
УЧК: 6, 7, 22, 23, 24, 27, 34, 46, 51

Ф
Франција: 26

Х
Хелвег Петерсен: 37
Хоџа: 43
Хрвати (дански: kroater): 12,15,16,17,19
Хрватска (дански: Kroatien): 7,12,14,16,17
хуманитарна помош (дански: nødhjælp): 16, 30, 32, 34, 37, 39, 41, 45
хуманитарни организации (дански: nødhjælpsorganisationer): 30, 32, 43

Ц
целибат (дански: cølibat): 9
Црна Гора (дански: Montenegro): 4, 5, 14, 19, 24, 32, 37

Ч
чест (дански: værdighed): 30, 49
четник (дански: тјетник): 12
човекови права (дански: menneskerettigheder): 26

Ш
Шиа-муслими: 9

## Листа на илустрации

кратка страна 10:
Историски атлас од Вилијам Р. Шепард, 1923, страна 164. (Historical Atlas by William R. Shepherd, 1923, The Perry-Castañeda Library Map Collection, The University of Texas at Austin.)

## Листа на фотографии:

АСТ: страна 44
АСТ/Јаап т' Гилде: страна 52, 53
Клаус Холстинг: страна 49 десно
Петер Хевринг: страна 3, 36, 37
Кралската библиотека: страна 12, 13 долу
Јоаким Ледефогед: страна 1, 6, 19 долу, 23, 31, 33, 34, 35, 38, 39, 40, 42, 51, 55, 56, 61, 64
Мортен Лангкиле: страна 22
Нордфото: страна 4 лево, 11, 16, 17, 18 горе, 18 долу, 19, горе, 21 долу, 24, 25, 27, 28, 29, 48, 49 лево, 57 и внатрешна страна на омотот
Нордиск Пресефото: страна 21 долу
Полфото: страна 13 горе
Лаиф Туксен: страна 20
Микел Остегорд: страна 45, 54

Данската црковна помош е една од најголемите хуманитарни организации во Данска и се залага за работење со висок квалитет, сеедно дали станува збор за нудење помош при катастрофи, за развојни програми или за просветна работа. Ние соработуваме со многу различни цркви и верски заедници, како во Данска, така и во странство, со цел да им помогнеме на најсиромашните во светот и да ја зајакнеме нивната можност за создавање достоен живот. Тоа исто така значи дека Данската црковна помош тежнее да биде гласноговорник на најсиромашните просветувајќи ги за причините на нивната тешка положба и обидувајќи се да ги измени оние структури кои доведуваат до нивно осиромашување и отфрлање од општеството.



*Војници на НАТО дочекани во Косово со воодушевување.*

## КОСОВО – ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА

Во 1999 година на Косово се случи катастрофа. До светскиот печат допреа слики од масакри во селата од уште еден конфликтен дел на Балканот. Во ТВ-репортажите и статиите се известуваше за прогонства, тортура и грубо кршење на човековите права. НАТО бомбардираше, а Србите натераа еден милион луѓе во бекство кон соседните земји. Оваа книга зборува за причините како можеше тоа да се случи. Таа зборува за конфликтот што има длабоки историски корени.

Зборува и за хуманитарната работа која се одвиваше со цел да им се помогне на жртвите во судирот. Зборува и за дилемите кои се исправаат пред хуманитарните работници кога тие сакаат да се придржуваат кон „Десетте заповеди на хуманитарната помош“ и својата работа да ја извршуваат најдобро што можат – зборува за дилемите кои во принцип важат за која и да е катастрофа.



Folkekirkens Nødhjælp

МЦМС

ДАНСКА ЦРКОВНА ПОМОШ

ISBN: 9989-9942-8-5

КОСОВО – ДИЛЕМИТЕ НА ЕДНА КАТАСТРОФА

ДАНСКА ЦРКОВНА ПОМОШ